**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Сто дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 125-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Гзим Остреми, Замир Дика, Иван Стојковиќ, Славица Грковска, Благородна Мингова-Крепиева, Благоја Гешоски, Ангел Димитров, Никола Апостоловски, Владо Илиевски, Ана Андова, Весна Борозан, Цветанка Гашоска, Цветле Јанеска, Рафет Муминовиќ, Неждет Мустафа, Никола Ќуркчиев, Ванчо Георгиев, Сашко Кедев, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдулаќим Адеми, Селвие Салиу, Јусуф Арифи, Мендух Тачи, Абдуладі Вејсели, Исмет Рамадани, Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи има потпишано 33 и подигнато картички, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,34 часот)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Ги молам пратениците да влезат во салата, знам дека во Клубот има 5-6 пратеници, токму толку недостасуваат.

(Пратеници влегуваат во салата)

Сега во салата се присутни 63 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучи.

**Продолжуваме со работа по Првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за тутун и тутунски производи.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Застанавме кај претресот по амандманот на член 13 за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богдановски. Претресот по амандманот е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 55 гласале, 15 за амандманот, 1 воздржан, 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нова алинеја 5-а по алинејата 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господин Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине претседателе.

Со оглед дека со овој амандман се бара во договорот да се определи местото и рокот на отпочнување на откупот на тутунот, местото на откуп на тутунот се утврдува пред почнувањето на откупот, бидејќи секое откупно претпријатие го пријавува откупниот пункт и врз основа на проверка на Земјоделскиот државен инспекторат му се дава дозвола да откупува на тој пункт. Што значи дека не може однапред во договор да се определи кое ќе биде местото на откупот. Тоа се определува пред да почне откупот, бидејќи тие се регистрираат, ние им даваме дозвола дека ги исполнуваат сите услови за откуп на тутунот.

Што се однесува до рокот, во истиот амандман, кога ќе почне почетокот на откупот на тутунот, веќе имаше повеќе такви амандмани и ние рековме дека не може да се определи почетокот на откупот на тутунот, туку само завршување на откупот на тутунот.

Поради овие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Го ценам образложението што го даде претставникот на Владата, меѓутоа сметам дека Законодавно-правната комисија во овој случај постапи навистина исправно. Како што се гледа и од образложението по самиот амандман, овој амандман е во интерес токму на производителите на тутун. Така што сметам дека аргументите на Комисијата во дадениот случај се далеку поаргументирани отколку оние на Владата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 59 гласале, 19 гласале за амандманот, 4 воздржани, 36 против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нова алинеја 6, по алинејата 5 поднесен од пратениците Силвана Бонева,

Ефтим Манев, Ѓорге Паљошковски и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Санде Џамбазовски. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Образложението за овој амандман е исто како што го дадов и за претходниов амандман, со тоа што само завршетокот, бидејќи овде се предлага и определување на завршетокот на откупот на тутунот, тоа е регулирано со Законот дека е 31 март. Инаку, образложението е исто како и за претходниот амандман, бидејќи се работи за почеток на откуп на тутунот и иестото на откупот.

Поради тоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев повелете, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Сметам дека не треба да се избегнува да се внесат одредени правни критериуми, бидејќи тие треба да стојат во самиот договор.

Законот овде не го определува почетокот, како што имаше некои амандмани. Овде е неопходно, во самиот договор да стои откупувачот, кога ќе отпочне да го откупува тутунот. Многу е дефектно тоа што стои во законот дека тутунот треба да се откупи до 31 март и сето тоа дека е доволно. Сметам дека е воопшто недоволно, затоа што одредени купувачи можат да отпочнат да го откупуваат тутунот од почетокот на февруари, а да сакаат да го завршат до крајот на февруари или до крајот на март, како што е поставено во законот.

Мора да се даде можност на самите производители, бидејќи тие имаат и свои асоцијации, здруженија на тутунопроизводители на ниво на Република Македонија и, кога ги утврдуваат критериумите во дговорот, мора да стои. Ако тоа не стои, не знам што друго би стоело во договорот. Тој, еднострано понуден договор од страна на откупувачите, кои критериуми се внесени во овој закон, значи од нив нема мрдање. Ќе го остави празно времето за отпочнување, а ние знаеме дека нашите тутунопроизводители, прашање е дали имаат доволно услови да го чуваат тутунот до февруари или крајот на март дома. Мора да има рамка, да му дадеш право и овластување и на другата странка во договорот да размислува кога сака да го продава тутунот, која е таа дата. Затоа сметам дека е погрешен ставот на Владата тоа што го става и тоа што зборуваше заменикот министер, барем завчера дека сето ова било уредено со претпријатијата што се занимаваат со откуп и со здруженијата, сметам дека не е доволно уредено. Не е така договорено. Може договориле неколку претпријатија, дали Тутунското претрпијатие од Прилеп кое уште нешто има државен капитал, но сепак тоа не е договорено со тутунопроизводителите.

Мора да има право и тутунопроизводителот, при склучувањето на договорот и тој да учествува, заедно да ги уредат тие меѓусебни односи. Овде, се е наметнато од страна. Мислам дека ќе имаме непријатности по втор пат. Во секоја година. Затоа, ова ништо не пречи и затоа во Законодавно-правната комисија го прифативме, тоа е истиот тој амандман, го прифати Законодавно-правната комисија, затоа што се подобрува самиот закон, дава можност и двете странки да договараат, а не да е договорено од една страна.

Мислам дека пратениците треба да го гласаат овој амандман што ќе биде од корист за Република Македонија и ќе се смират едни тензии помеѓу тутунопроизводителите и државата од другата страна. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине.

Господине заменику барате збор?

Повелете, имате реплика 3 минути.

**Санде Џамбазовски:** Откупот на тутунот е голема оргаинзација. Тоа не е нешто што може да се направи со некоја помала организација, па точно ние да кажеме кога ќе почне откупот на тутунот.

Со самиот закон, со тоа што е кажано дека мора да заврши во определен термин, откупните претпријатија мора да направат таква организација со која што ќе може за тој период да ја завршат целата работа, бидејќи тие однапред знаат колкава количина треба да откупат и си определуваат определена динамика. Што значи дека ние можеме да ги обврземе да откупуваат и многу порано, но таа динамика тие може да ја развлечат, дневно да купуваат по 100 килограми, колку да ја запазат законската регулатива, а производителите да не добијат ништо. Тоа е присилена работа што им ја наметнуваме на откупните претпријатија, што ќе може да има последици и за откупните претпријатија и за самите тутунопроизводители. Тоа е едната работа зошто не се согласуваме да има почеток на откупот на тутунот, бидејќи тоа треба да го направат откупните претпријатија.

Втората работа, тутунот не може, во договорот да стои, почеток на откупот на тутунот. Имаме илјадници договори. Можете да замислите во секој договор дали може некој однапред да каже кога на соодветниот производител ќе стои кога ќе почне откуп на неговиот тутун.

Ниту тутунопроизводителите можат да го подготват наеднаш, целиот да го однесат тутун, ниту пак откупните претпријатија тоа го прават, бидејќи тие сакаат да направат некој баланс. Пола тутун да се носи напред, пола назад, за сите да бидат рамноправни во предавањето на тутунот, во однос на времето.

Затоа, ние не можеме да бараме во договорот да стои почеток на откупот. Тоа се илјадници

договори. Практично не може да се реализира и тогаш ќе направиме неправичност кај тутунопроизводителите, бидејќи кај едни треба да стои, да претпоставиме 1 јануари, а кај други 15 март. Замислете која е таа неправда едниот да го даде во јануари, а другиот да го даде целиот тутун во март. Откупните претпријатија си прават своја динамика. Рамномерно ќе бидат застапени сите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев, една минута контра реплика.

**Ефтим Манев:** Јас мислам дека сосема погрешно размислувањето на заменикот министер. Како да не се занимавал воопшто или како да не ја познава проблематиката за тутунот.

Се бара, тоа е еден договор, а после се склучуваат по 5 илјади, 10 илјади, 50 илјади примероци, односно со толку тутунопроизводители. Тој основен договор го прави Здружението на тутунопроизводители и откупните претпријатија и тој е еден. После на сите се пишува иста дата. Нема повеќе што да пишува на еден порано или на друг подоцна. Откупните претпријатија тутунот го откупуваат со давање на дозволи, пропусници кој кога да го носи, во кој временски период. Ако почнат од 1 јануари, ќе го расподели на сите тутунопроизводители. Не знам како го мисли тоа заменикот министер, веројатно како да не влегол во монопол.

Затоа мора тоа да стои. Тоа самите тутунопроизводители го бараат и мислам дека корисно за тутунопроизводителите, а исто така и за претпријатијата кои ќе откупуваат тутун. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници гласале 59, за гласале 18, воздржан 1, а против се 40.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13, за додавање нова алинеја 13 по алинејата 12 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе. Со овој амандман се бара гаранција, односно само во договорот да стои се бара гаранција за исплата на средствата за откуп на тутунот. Јас не успеав да разберам, ниту е можно да се мисли ако на секој производител му се дава гаранција дека тутунот ќе му се плати. Во самиот договор стои дека тутунот ќе се плаќа за одреден број на денови. Во дадениот случај оваа година од 2 до 7 дена. Значи, стои во договорот за колку дена ќе се плати.

Гаранција за солвентноста на откупните претпријатија при самата регистрација ќе го прифатиме. Има еден амандман кој ќе го прифатиме. Значи, тие даваат гаранција дека се солвентни и дека можат да откупуваат тутун. Значи паричната гаранција ќе ја дадат во Министерството со самото конкурирање за регистрација за откуп на тутунот. Тој амандман ќе го прифатиме подоцна, а овој во договорот на секој производител да се дава гаранција навистна, е невозможно. Во самиот договор пишува за колку дена ќе се плати тутунот. Сметаме дека тоа е доволно. Затоа не го прифаќаме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Кој амандман накнадно ќе се прифати и со каква содржина јас сега не знам, и бидејќи расправаме по овој амандман, сакам да истакнам дека едно од најзначајните работи во овој закон, покрај датумот на почетокот на откупот на тутунот, кој не го прифативте, покрај класификацијата на тутунот е и обезбедување на сигурност за наплата на својот предаден тутун на тутунопроизводителите. Каква гаранција ќе поднесува откупувачот во Минситерството, во овој момент не знаеме, бидејќи сме дојдени до член 13. Каква гаранција ќе поднесе откупувачот на тутунот производителот, исто така може да биде предмет на меѓусебен договор. Она што ќе биде прифатливо тоа ќе биде и издавано. Во овој случај, амандманот е предложен со цел откупувачот да има обврска да ја гарантира исплатата на сумата која ќе му биде обврска во моментот на преземање на тутунопроизводителот. И повтор или трет пат веќе повторувам, дека апсолутно не е вистина дека годинава тутунот се плаќа во рок од 2 до 7 дена. Тоа е случај само во дваесетина проценти од откупениот тутун. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски имате збор, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе. Јас ја сфаќам намерата на предлагачите што имале намера и цел, барем јас така сфаќам да постигнат, но вака како предложиле амандман изгледа не сакаат ништо да постигнат, од едноставна причина затоа што треба точно да се знае што и каква гаранција. Оваа гаранција ми личи на жими мајка. Гаранција на збор. Мислам дека треба ако се има намера на нешто што би гарантирало исплата од страна на откупувачите, треба да се наведе дали се мислело на банкарска гаранција. Ако мислат на банкарска гаранција тогаш ќе ги доведат тутунопроизводителите во една полоша состојба, заради тоа што откупувачот за банкарска гаранција која што би ја поднел, автоматски за тоа ќе има одреден финансиски трошок. Ако има одреден финансиски трошок сето тоа ќе го

калкулира во цената и ќе му ја намали цената на тутунот производителот при откупот на тутунот. Затоа го кажувам своето мислење дека овој амандман нема да го поддржам од едноставна ричина што амандманот е непрецизен, нејасен и навистина, предлагачите не се знае што сакаат со оваљда предложат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Богданоски имате реплика три минути.

**Сашо Богданоски:** Членот 13 дефинира кои се клаузули да ги содржи договорот меѓу купувачот и тутунопроизводителот. Сосема е доволно постоење на ваква клаузула, гаранција за исплата на средствата за откупениот тутун. Значи покрај се друго што договорот би содржел, да содржи и одредена гаранција. Гаранцијата би била предмет на договор меѓу откупувачот и тутунопроизводителот. А изразот жими мајка за ваквото решение не е потребен, затоа што до сега е се на жими мајка. Скоро се што е ветувано оваа година, а сигурно и низа години наназад е на жими мајка и не е исполнето.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски. Ние овој закон нема да го донесеме ако вака продолжиме.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе мораме да се разјасниме за некои работи и со репликата која што господинот Богданоски ја имаше се виде дека тие немаат јасна претстава што тоа е гаранција. Гаранција е поим, збор, но мора да се дефинира каква гаранција. Вака како што е предожен амандманот јас кажав дека е бесмислен. Ако имале намера од другото, тогаш требаше да предложат таков амандман.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ повелете.

**Зоран Томиќ:** Јас само сакам да укажам она што и колегата Најдовски веќе го кажа, меѓутоа, би сакал да се повикам на Деовникот. Овој амандман и да постои најдобра волја од пратениците не може да биде поддржан, затоа што е неуреден. Имено, согласно члњен 165 став 4 од Деловникот на Собранието, ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот на амандманот е должен истовремено да укаже и наможните извори за обезбедување на тие средства. Тоа е една работа.

Второ, мислам дека една морална забелешка морам да дадам, а тоа е како што гледам во натамошниот текст, предлагачи на најмалку десетина аманадмани се пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски. И покрај сето уважување на колегата кој се труди да ги образложи амандманите, мислам дека предлагачите коректно е да бидат присутни кога се расправа за нивните амандмани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема повеќе пријавени за амандманот.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

44 пратеника гласале, 10 за амандманот, 1 воздржан, 33 против.

До 61 тоа е од прилика 17. Затоа ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата беа присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе, исто образложение бидејќи се работи во иста насока, обезбедување на гаранции со самиот договор. Исто обрзложение како и претходното. За тоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Богданоски повелете, имате збор.

**Сашо Богданоски:** И онака е беспредметен, бидејќи претходниот амандман не е прифатен и заради тоа јас го повлекувам амандманот во име на предлагачите.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Одиме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 3, поднесен од пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман не се прифаќа бидејќи овде се бара во самиот член да не постои зборот "бришење". Ние имаме откупни претпријатија, кои се регистрирани за откуп во меѓувреме, доколку тие не ги исполнуваат условите, тогаш министерот е должен да ги брише од регистрацијата да има право за откуп на тутун. Поради тие причини мора да стои зборот "бришење", бидејќи не може поинаку да гја регулираме лиценцата за откуп на овие претпријатија. Затоа не се прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски.

**Петар Апостолов:** Јас не се согласувам со образложението од заменик министерот, бидејќи за да се сфати нашата амандманска интервенција, јас би го образложил членот 22 многу на кратко.

Во првиот став има, откупувачот треба на пропишан образец да поднесе барање до Министерството, да може да се запише во регистарот на откупувачи на тутун.

Во вториот став Државниот инспектор за земјоделие прави записник во кој утврдува дали ги исполнува условите од претходниот член, односно дали постои простор за откуп, дали има соодветна опрема, односно соодветен простор за сместување на обработениот тутун. Сега настанува оној спорен став 3 каде што пишува дека по утврдување на исполнување на условите од член 21 министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува решение за упис и бришење од регистарот за откупувачите на тутун. Ние бараме "и бришење од, или одбивање на барањето за упис", затоа што сметаме дека не може нешто да се брише ако претходно не е упишано во регистарот и врз основа на тоа одбивањето на барањето за упис, тој има право да се жали до Комисијата за решавање на управни спорови од втор степен. Затоа сметаме дека колегите ако го сфатат навистина амандманот на член 22, заедно со колегата Стојаноски, го поднесовме овој амандман бидејќи сеуште тврдиме дека не може нешто да се брише ако претходно не е упишано во регистарот. Благдоарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Санде Џамбазовски, имате збор.

**Санде Џамбазовски:** Само кратко дообјаснување. Да не се доведеме во ситуација дека не сме доволно објасниле. Јас го респектирам предлогот на пратеникот, меѓутоа, ние имаме состојба каде што имаме новорегистрирани претпријатија, кои ги исполнуваат условите по извршената контрола по Законот и тие што се регистрирани ние ги контролираме дали ги исполнуваат понатаму условите. Затоа важи за тие кои што се веќе регистрирани. Доколку тие не ги исполнуваат условите и се изменила состојбата, тие треба да се бришат. Затоа стои тој збор "бришење", за оние кои што веќе еднаш се регистрирани, а во меѓувреме не ги исполнуваат условите од икс причини. Поради тоа стои зборот "бришење". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Апостолов повелете.

**Петар Апостолов:** Јас сметам дека Законот ние треба да го толкуваме тоа што пишува, а не тоа што ние мислиме. Во целиот Закон никаде не пишува контрола на старите откупувачи.

Ако го читаме членот 22, повторно ќе повторам многу е јасно став 1 бара поднесување, односно откупувачот поднесува барање, став 2, Државниот инспектор врши увид и записник. Став 3 донесува решение или бришење . Како ќе се брише кога нема донесено за откупувачот решение. Тоа не ми е јасно. Бришеме нешто а претходно не сме го упишале во регистарот. Нема логика. А тој истиот треба да се жали до Второстепена комисија. Ние само додаваме. Текстот би гласел: "По утврдување на исполнетоста на условите од член 21 на овој закон, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за упис, или одбивање на барањето за упис во регистарот на откупувачи на тутун. Ништо не се менува, ниту во однос на тоа како ќе се врши откупот, ниту во однос на тоа колку финансиски средства ќе бидат, туку едноставно, кога ќе се прочита членот 22 ни станува јасно што бара законодавецот. А вака, ако законодавецот нешто мисли, тогаш тој што го чита законот, од каде да знае што мисли законодавецот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеника се присутни, 52 гласале, 19 за амандманот, нема воздржани, 33 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман се однесува на од прилика почетокот на откупот. Што значи дека многу пати го образложувавме зошто не треба да стои. Затоа не го прифаќаме и овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Богданоски имате збор.

**Сашо Богданоски:** Многу пати слушавме некакво образложение, но не слушнав образложение кое би можело да се прифати воопшто. Зборувавме и претходниот пат. Не знам кому не му е јасно дека почетокот на откупот е многу битна работа и влијае директно на квалитетот и на просечната откупна цена на откупениот тутун.

Бидејќи претходните амандмани кои се однесуваа на оваа тематика се одбиени, ова веројатно е последната можност во текстот на Предлогот на законот, да се предвиди сепак, во пошироки рамки. Значи, амандманот не бара дефинирање на точен датум, но бара започнување на откупот во тековната година од соодветната реколта. Значи и откупувачот ќе може да планира кога да го започне откупот, но ќе има обврска да го започне во тековната година а да го заврши како е со Предлог-законот дадено до 31 март наредната година.

Од тие причини, мислам дека ваква минимална обврска за откупувачот би требало да вградиме во овој закон. Благдоарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Топузова, имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе, навистина во овој амандман колку и да настојувам не можам да видам некоја добра намера од страна на предлагачите, освен чист популизам, затоа што со ништо не се прецизира ако во амандманот буквално стои, започнува до

крајот на годината. Значи до крајот на годината е и 31 декември, а што би значело и колку би изгубил во квалитет тутунот, ако условно велам откупот започне на 4,5 или 6 јануари. Значи, да имаше попрецизен датум, можеби и ќе видев некоја логика.

Сметам дека амандманот нема никакво логично значење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Богданоски имате реплика од три минути.

**Сашо Богданоски:** Мислам дека треба да се сака за да се сфати. Амандманот дефинира обврска према откупувачите, откупот да започне во тековната година. Тоа значи не може да започне на 15 февруари наредната година, а разликата во квалитетот на откупениот тутун на 15 декември и 15 или 20 февруари, ако некому не му е познато дека постои разлика во квалитетот е негов проблем. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 50 пратеници, 14 за амандманот, нема воздржани и 36 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на првиот дел, амандманот се однесува за почетокот на откупот на тутунот, кој Владата не го прифаќа, вториот дел е содржан во Законот, значи мислам на завршетокот. Поради доволното објаснување, Владата нема потреба повторно да го објаснува ваквиот амандман.

Владата не го прифаќа ваквиот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Паљошкоски, повелете, имате збор.

**Ѓорѓе Паљошкоски:** Почитуван претседателе, мојата забелешка на членот 23 се однесува на откупот на тутунот произведен во тековната година се врши најдоцна до 31 март во наредната година, а мојата забелешка е следната:

Не е кажано прецизно од кога почнува откупот, туку е кажано само кога завршува откупот. Затоа, на предлагачот на Законот му предлагам да ја прецизира датата на откупот и предлагам тоа да биде 1.12 во тековната година, а да заврши до 28.02 наредната година.

Со овој амандман сакам да се прецизира откупот на тутунот, почетокот и завршетокот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи во салата се присутни 60 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегува пратеник).

Сега сме присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата гласале 56 пратеници, 13 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржано и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 2, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека амандманот се однесува за ограничување на бројот на класите на тутун, во амандманот се предлага да има само три класи.

Во законот е предвидено одредувањето на бројот на класите да се регулира со подзаконски акти и тоа не треба да биде предмет на законот, бидејќи толку ќе се оптовари законот. Тоа ќе се регулира со подзаконски акти, каде се вклучуваат исклучиво научни работници, работници кои имаат големо искуство во таа работа и тие ќе го одредуваат бројот на класите, квалитетот итн.

Затоа не се прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Богданоски, повелете, имате збор.

**Сашо Богданоски:** Станува јасно околу тоа што е прифатено, што не е прифатено, но јас само кратко ќе кажам зошто тростепената класификација на квалитетот на тутунот е исто така барање на тутунопроизводителите, бидејќи најголемата манипулација во откупот се случува заради тоа што постојат многу класи и поткласи. Така, разликата меѓу соседните класи прва А и прва Б е многу мала и не може да се утврди дали е реално проценет тутунот или е потценет. Постоењето на три класи би ги диференцирало разликите меѓу квалитетот на првата, втората и третата класа, не би била така лесна манипулацијата со проценката на квалитетот на тутунот.

Од тие причини, ова е исто така една од најбитните работи, за која

тутунопроизводителите сметаат дека претставува пречка во досегашниот начин и проценка на квалитетот.

Затоа, предлагам овој амандман да биде усвоен.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника во салата, гласале 56 пратеници, 15 пратеници гласале за, нема воздржани и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека во членот 25 од Законот стои "највисока асоцијација", со амандманот се предлага "асоцијациите", што значи се предлага да стои во множина. Ние имаме толку голем број на асоцијации и здруженија и доколку се прифати ваков амандман, тогаш ќе создадеме хаос да нема кој да определи претставник во тие комисии. Затоа, сметаме дека треба да биде една асоцијација или највисоката асоцијација во која се членови сите други пониски асоцијации, па сметаме дека тоа е доволно да ги определува претставниците во тие комисии.

Затоа, Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Богданоски, повелете, имате збор.

**Сашо Богданоски:** Амандманот се предлага од причина што одредени асоцијации и тутунски здруженија во моментот не ја уживаат довербата на тутунопроизводителите, а точно е тоа дека постојат повеќе асоцијации во Република Македонија и во вториот дел од амандманот е дефинирано како би се избрал претставникот во Комисијата од страна на тутунопроизводителите, би учествувале сите асоцијации со по еден претставник и со ждрепка да се избере еден, за да нема можност тој претставник во таа Комисија да биде избран од некого за да го аминува само она што е замислено.

Од тие причини е предложен овој амандман и сметам дека треба да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандмнот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ни фали уште еден пратеник за да имаме кворум.

(Во салата влегува пратеник).

Благодарам, сега во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата, гласале 54 пратеници, 13 пратеници гласале за, 1 воздржано и 40 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

И овој амандман Владата не го прифаќа и бидејќи дадовме многу образложенија, а сите амандмани се слични, сметам дека доволно е апсолвирано.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам така да продолжите и во иднина.

Амандманот не се прифаќа.

Повелете господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Мислам дека меѓу овој и другите амандмани има огромна разлика, бидејќи се зборува за почеток на откуп. Во членот 25 од Предлогот на законот се зборува за одредени работи кои треба да ги исполни претпријатието за откуп на тутунот и да почне откупот, овде во овој член се додаваат уште два става на истиот член, во кои се предлага покрај тоа што е напишано во самиот закон, треба да има уште две одредби, а тоа се: претпријатието кое има овластување да врши откуп на тутун до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да го пријави почетокот на откупот, дали ќе биде од јануари, дали од февруари или од декември да го пријави, а со цел Министерството да провери дали ги исполнува условите за отпочнвување на откуп, дали ги има мострите, дали се е подготвено, а истовремено да може да испраќа и свои претставници и инспектори, да знаат дека претпријатието почнало со откуп на тутунот.

Во ставот 2 стои дека при отпочнувањето со откупот на тутунот претпријатието кое има лиценца да откупува тутун пред самиот откуп да поднесе гаранција до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од овластена банка дека истото има средства за да го откупува тутунот, дали е солвентен, да не е во стечај и слично, со цел да не ги доведуваме тутунопроизводителите во незгодна состојба и

бидејќи имаат склучено договор со некое претпријатие, а тоа е неспособно да го отплати тутунот, нема обезбедено ни сресва, само ќе ги доведеме во уште потешка состојба самите тутунари.

Мислам дека овие одредби треба да ги прифати предлагачот, а доколку не ги прифати, молам пратениците ако имаат доблест и осет за ова производство, да ги изгласаат овие амандмани.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници во салата, гласал 51 пратеник, 14 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 37 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 4 за менување на алинеја 2, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман предложен од пратениците е составен дел на Законот. Во Законот стои дека оние кои имаат средна стручна подготовка треба да имаат 4 години работно искуство. Во Законот предлагаме и други можности, ако има завршено више образование да има 3 години работно искуство, ако има завршено високо образование да има 2 години работно искуство. Значи ние даваме поголема можност за вклучувањето на луѓето со повисоко образование во овој процес.

Од тие причини, Владата не го прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Само кратко ќе кажам, бидејќи претходниот став дефинира можност за полагање за лиценца врз основа на образование, овој став за кој се предлага амандманот повторно како критериум го земав искуството во обработката на тутунот и образованието, па сметаме дека нема потреба од тоа искуството и образованието и во наредниот став да се вградат како критериум, така што да стои најмалку средно образование и да обезбедува можност за добивање на таа лиценца. Од тие причини е поднесен амандманот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе,

И овој амандман е уште една потврда за она што сега го говорев дека очигледно пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски поднесувале голем број амандмани само со една единствен цел, да им се додворат на тутунопроизводителите, а не со една желба да ги решат нивните проблеми или да го подобрат квалитетот на Законот за тутун, со што би се решил дел од проблемите на кои сега наидуваат. Токму тоа го кажа и заменик министерот, и јас ќе повторам, да не ги носи во заблуда тутунопроизводителите господинот Богданоски, она што тие го бараат буквално е внесено во Законот за тутун и пишува: 4 години средно образование со 4 години работно искуство. Мислам дека после образложението беше најдобро да го повлече амандманот, а не да ја доведува во заблуда македонската јавност и тутунопороизводителите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Реплика за господинот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Зошто е потребно да продолжиме со ваков начин на расправа по Предлогот на законот? Ако треба да повторам зошто е нејасно дека е потребно да се дефинира почетокот на откупот на тутунот, дека треба да се дефинира начинот на гарантирање на исплатата на откупениот тутун, дека треба да се овозможи она што тутунопроизводителите го бараат, класификацијата на тутунот да биде во помалку категории итн, не знам зошто е потребно да се претставуваме овде дека водиме или не водиме политички маркетинг, кога расправаме по законот. И тутунопроизводителите и јавноста ќе оценат што е што, нема потреба да потенцираме овде.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник во салата, гласале 56 пратеници, 13 пратеници гласале за, 1 воздржано и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман Владата го прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, ставови 2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 3, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Почитуван потпретседателе и овој амандман се однесува на мнозина здруженија треба да определуваат. Јас објаснив по еден од претходните амандмани дека не може здруженијата. Мора да се знае највисоката асоцијација на здруженијата треба да предлага. И затоа овој амандман не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** На територијата на еден регион каде се откупува тутун постојат и повеќе здруженија. Не е јасно од кое здружение треба да се делегира членот во таа Комисија. Тоа е прво. Второ, повторувам, тутунопроизводителите искажуваат недоверба кон одредени здруженија. Дури има иницијативи кои се во тек за формирање и нови здруженија. Од тие причини треба да се овозможи членот на Комисијата од тутунопроизводителите да биде избран на подемократски начин преку ждребовање од состав во кој би било претставено секое здружение со по еден свој член. Од тие причини е предложен овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Амандман го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 50, од нив 13 за, нема воздржани, 37 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифати овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманиот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот за законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 3, поднесен од пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман не се прифаќа, бидејќи го дадов истото образложение на амандман 10. Да не образложувам повторно. Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам потпретседателе.

Се однесуваше на член 22, а не на член 10. Бидејќи член 37 и член 22 се слични. Само разликата е во тоа што во член 22 имаме откупувач и Министерствот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во член 37 аманманската интервенција се однесува на производителот, извозникот и увозникот, односно до Министерството за економија. Бидејќи предлагачот објасни што е причината, на што се мисли. Но, јас исто така реков дека тоа што се мисли никаде не е запишано во законот. А ако овој се усвоеше, тогаш ќе немаше логика, бидејќи првиот не се усвои член 22, односно амандманската интервенција. Затоа со колегата Стојаноски се договоривме да го повлечеме амандманот. Амандманот е повлечен.

**Слободан Најдовски:** Амандманот од страна на пратениците Петар Апостолов и Нелко Стојаноски е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 42 поднесен од Законодавноправната Комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа овој амандман.

**Слободан Најдовски**: Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за менување на став 2, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Овој амандман го повлекуваме ние предлагачите. Така што нема потреба да се изјаснувате. Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам господине потпретседателе. Член 50 на кој се однесува овој амандман, или неговиот прв став гласи: За финансирање на активностите во примарното тутунско производство, за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за промоција на извозот се утврдува надоместок што го плаќаат правните лица итн. Амандманот предвидува бришење на дел од првиот став: Дополнително финансирање на примарното земјоделско производство. Бидејќи и онака ова е Предлог закон за тутун и тутунски производи треба да ги регулира работите кои се однесуваат на тутун и тутунските производи, секако дека и останатото земјоделско производство треба да добие соодветни решенија. Но, мислиме дека не треба да се мешаат работите во овој закон. Тоа е прво. Второ, ако не се прифати овој амандман останува можноста да се манипулира со средствата наменети за тутунопроизводството и за останатото земјоделско производство. Од тие причини е предложен овој амандман. Исто така, сметам дека треба да биде усвоен.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 48, 14 за, 1 воздржан, 33 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 ставови 1и 3, поднесен од пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** И овој амандман Владата не го прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам потпретседателе, овој амандман е поднесен во насока на зголемување на стредствата кои што треба да се насочат за промоција на извозот во земјоделството. И така се мали тие средства, околу 70 милиони денари. И кога се укажува на десетте проценти за промоција на извозот, оваа програма кога ќе биде изработена можат да одат овие средства не во земјоделството, туку во некои други области. Од тие причини се конкретизира тие средства Владата која што ќе треба да ги донесе преку програма и да ги распредели да бидат исклучиво за промоција на извозот во земјоделството.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Повикувам уште еден пратеник да влезе во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 50, 15 за амандманот, 3 воздржани, 32 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 ставови 2 и 3, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Со амандманот се бара формирање на фонд за тутун. Средствата со овој закон се ограничени, тоа исклучиво само од тутунски производи. Што значи ако се формира фонд за тутун, најголем дел од овие средства ќе треба да се трошат за административни и материјални трошоци, бидејќи ќе треба луѓе кои што ќе треба да го администрираат фондот. Што значи дека во тој случај средствата за примарните тутунскопроизводители ќе бидат многу помали. Затоа од тие причини не го прифаќаме овој амандман.

**Слободан Најдовски**: Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам господине потпретседателе. Точно така, со овој амандман предвидуваме формирање на фонд за тутун. Но, не се сложувам со констатацијата дека средствата за тутунопроизводителите преку формиран фонд за тутун би биле помали од вака како е сега предвидено во Буџетот на Република Македонија. Бидејќи фондот за тутун ќе овозможи прибирање на средства и од други приходи и ќе може да планира развој и да стимулира развој на тутунопроизводството. И онака декларираме цело време дека со овој закон на некој начин тутунот го враќаме во формулација како

стратешки индустриски производ на Република Македонија. Значи, сметаме дека формирање на фондот ќе овозможи соодветно стимулирање на оваа стратешка гранка и ќе биде овозможена поголема контрола на стредствата и при прибирањето и при финансирањето на тутунопроизводителите по разна основа.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, јас би сакал да кажам во насока на подршка на овој амандман дека е апсолутно оправдано она што се бара со овој амандман, а ќе образложам, еве и сега ќе се потрудам да образложам да бидам што појасен. Кога имавме прилика Владата да биде предлагач на еден закон кој носеше име: Фонд за филм и за филмска продукција, тогаш објаснувањето на Владата беше дека преку таквиот фонд ќе имаме развој на продукција итн. И тогаш не слушнавме образложение од Владата дека со тоа ќе се зголемат трошоците за администрирање итн. Она што сега го слушаме во оваа ситуација. Јас би сакал да ја потсетам Владата кога дава објаснувања по однос на фондови да и бидат категорично едни исти. Не ако имаме фонд за филм да имаме оправдано образложение, ако имаме фонд за тутун, тоа да биде неоправдано. Не знам која администрација би се зголемила и какви би биле трошоци повеќе зголемени доколку во Република Македонија имаме постоење на разни фондови и непостоење на други. Тоа е едната работа.

Втора работа со овој закон се предлага преку одреден вид на давачка, во износ од 0,15 денари по парче цигара, или 3 денари од кутија, тие средства да одат во Буџетот на Република Македонија односно во трезорската сметка на буџетот и да бидат наменети за тутунопроизводството.

Што сега пак е разликата што се бара со овој амандман. Разликата е ако постои Фонд за тутун, намената на тој Фонд е многу јасна. Тој фонд ќе има исклучива задача да работи, да прибира средства и да ги наменува исклучиво за тутунопроизводството односно за развој на таа гранка. За разлика од тоа сите овие средства предвидени во овој закон, така како што се предвидени, ако влегуваат во Буџетот на Република Македонија и во трезорската сметка итн., ќе ја делат судбината на сите оние средства кои со Буџетот овде ги утврдуваме и гласаме, па ќе чекаме од волјата на Владата, независно која е, дали тие средства кои се собрани така како што се собрани на таа посебна сметка, ќе бидат употребени за развој на тутунопроизводството или можеби за нешто друго во тутунопроизводството или можеби за нешто трето. Работата е следна:

Фондот за тутун е специјализиран Фонд. Значи не е општ фонд, како фонд за земјоделство, генерално, па таквите средства кои ги прибира, ги дели во комплетното земјоделство, туку Фонд за тутун, со една исклучива намена а тоа е тутунопроизводството. Најдобро решение е она што сега се предлага со амандманот затоа што, на крајот на краиштата во тој фонд ќе имаат активна улога и тутунопроизводителите, ќе имаат активна улога и здруженијата на тутунопроизводителите, нормално и Владата итн., со кои сами ќе си одлучуваат за себе, за своите потреби и како ќе си ги делат средствата, без да бараме виновник во Владата, не сака да даде средства и без да бараме херој во министерот за земјоделие во сенка, господинот Бучковски, затоа што министер за земјоделие немаме. За да не се обвинуваме така, најдобро е судбината сами да си ја решаваат тутунопроизводителите и сите оние на кои им е местото во овој фонд. Затоа не ја гледам причината да се правдаме заради некакви административни трошоци. Можеби и тој голем дел од администрацијата кој сега и така е прекуброен, да го насочиме кон фондот и да немаме никакви додатни трошоци, а истите трошоци кои би биле за администрирање, преку оваа трезорска сметка, за тие средства кои треба да се наменат за тутунопроизводството, ќе бидат исти средства и за ова. Така што не е тоа образложение. Ако сакаме навистина да излеземе во пресрет на тутунопроизводителите, така барем како што пред нив се претставуваме, тогаш овој закон можеше и требаше да содржи одредби кои ќе ја зголемат нивната улога односно ќе го направат тутунот на некој начин култура во Република Македонија за која ќе има интерес да се работи. Вака како што е прикажано во овој закон и не прифаќањето дури на ниту еден амандман, мисламдека не одиме во правец на подобрување на состојбата на тутунопроизводителите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Со овој закон точно е утврдено зошто се наменети средствата. Значи, овие средства законот точно ги определува зошто се наменети. Тоа е едната работа.

Второ, тука ќе нема никакви додатни трошоци за нивното администрирање, бидејќи тие ќе одат преку Буџет, преку Министерство, и со програма во која програмата може да учествуваат и редовно учествуваат и заинтересираните тутунопроизводители, како ќе се делат средствата за тутун. Значи дека сите средства кои ќе се соберат, а тие се ограничени, мораме да признаеме, тие се делат точно за намената за која се наменети. Доколку се формира Фонд за тутун, тогаш имајте предвид дека ќе имаме директор, ќе имаме возач, ќе имаме секретарка, ќе имаме правник, книговодител, благајник, и не би знал што се уште би имал внатре, па кои се други материјални трошоци, струја, вода итн., а средствата се толку ограничени што ви тврдат дека 50% од тие средства ќе одат за такви трошоци, а само 50% ќе останат и дали ќе

стигнат, за тутунопроизводителите. Формирањето на Фонд на така ограничени средства е само во штета на тутунопроизводителите, бидејќи сите средства не ќе можат да ги користат поради тоа што ќе мора да одат за други трошоци. Тоа само како образложение.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине заменик министер, ако земеме да го гледаме Буџетот на Република Македонија, само да анализирате колку средства се трошат за намештај и незнам за какви канцелариски материјали и за што се не, само тие средства да ги одделите за овој Фонд што ние го предлагаме, значи нема да имате некаква загуба. Од друга страна не е проблем во директорите и не е проблем во секретарките. Па откажете се од некоја секретарка и онака ви се преблокирани и во Министерството и во Владата. Значи, тоа не е проблем. Може овој фонд да не се вработува некој наново. Едноставно од одредено министерство, вработените да ги префрлите во Фондот. Значи ќе нема никаков додатен трошок. Ќе ја намалите администрацијата директно во Министрството или во Владата, а ќе ја префрлите во Фондот. Фондот не би бил некое тело надвор од оваа институција. Би бил во состав на Министерството за земјоделство. Според тоа, нема никакво додатно оптоварување, а ќе ги користите истите возачи и коли. Според тоа нека не биде тоа оправдување за нешто кое е, да не речам ситница и кое се решава на многу лесен начин. Суштината, повторно ќе кажам, без разлика дали овие средства овде во овој зазкон се утврдени така како што се утврдени, утре можете со една измена на законот да го измените начинот на тие средства, па да кажете дека ќе се употребат за сосема други намени. Кога постои Фонд, тука не можете тоа да го правите затоа што Фондот ќе има една единствена цел, а тоа е да помогне на тутунопроизводителите. Значи има разлика, не е исто. Ваквиот начин, како што вие во законот сте го утврдиле, ја дели судбината на законот односно на Буџетот, кога се гласа. Што ако Буџетот не се изгласа и што ако таа ставка не помине, или некој со амандман ја тргне на страна? Заради тоа добро е постоење на Фонд во интерес и заштита токму на тутунопроизводителите.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Џевдет Насуфу.

**Џевде Насуфу:** Тоа е моја реплика, а истовремено и поддршка на предложениот амандман. Зошто го велам ова.

Членот 50 на ниту еден начин не гарантира дека средствата кои се наменети за тутунопроизводителите, реално секоја година тие ќе се користат за оваа година. Практично членот ја утврдува намената на средствата, бидејќи тие на крајот на краиштата се прелеваат во Буџетот на државата. Тоа е една пракса, при изготвувањето на Буџетот, се знае како се изготвува Буџетот, се знае како се утврдуваат ставките во Буџетот и во овој случај никој од страна на Владата и најмалку од овој парламент и на јмалку овој член од законот гарантира дека средствата кои ќе се приберат, да претпоставиме дека ќе се приберат за оваа намена за да се финансира тутунопроизводството или да се стимулира, ќе се употребат и за оваа намена. Затоа господине заменик министер треба да имате предвид еден факт дека не можете ниту вие да бидете сигурни, не можете да гарантирате овде пред нас дека овие средства кои се утврдуваат со овој член од Законот, членот 50, дека ќе се користат и за оваа намена. Затоа треба да се побара еден подеетерминиран начин, поточен и погарантирачки начин кој ќе им гарантира на тутунопроизводителите вистинска стимулација, бидејќи без стимулација на тутунопроизводителите, не можеме да очекуваме производ во нашата земја. Тоа е причината и тоа треба да биде мотивот што вие треба да го поддржите овој амандман, а секако и Парламентот треба да го поддржи. Затоа, уште еднаш бараме Парламентот да има разбирање за е ден ваков амандман, да има разбирање за тутунопроизводителите кои до вчера беа на улица и протестираа и да не дојдеме во состојба повторно да излезат и да протестираат, бидејќи има и сега проблеми, со класификацијата, со откупот, со надоместокот итн. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** За да не се стекне погрешен впечаток околу членот 50 чиј став 1 гласи "за финансирање на активностите во примарното тутунско производство, за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за промоција на извозот, се утврдува надоместок што го плаќаат правните лица кои произведуваат или увезуваат тутунски производи". 10% од тие финансиски средства се предвидени да одат за промоција на извозот. 90% од тие финансиски средства треба, преку програмите, законски да одат за примарното тутунопроизводство и за дополнително финансирање на примарното земјоделко производство.

За прв пат со закон е регулирано обезбедување на финансиски средства кои гарантираат развој на примарното тутунско производство. Нејасни се дискусиите кои одат во правец на тоа дека ова не дава гаранција, не дава сигурност тин. Владата е должна, според став 3 од истиот член, според член 51 став 1, да донесе програми во кои 90% од тие средства ќе бидат распределени за примарно-тутунско производство и за развој на земјоделството. Законски преку тие програми секоја година, зависно од состојбите, зависно од просечната цена што ќе биде постигната, зависно од вкупниот откуп и вкупните количини, што ги усогласува процентите од овие 90%.

Повеќе од сигурно е дека дел од тие пари ќе одат за примарното тутунско производство, а дел за примарното земјоделско производство. Тоа значи, зависно од тоа која Влада како тоа ќе го испланира во текот на тековната година.

По однос на Фондот за тутун, исто така е нејасно, се немаат разгледано другите закони од соседните држави и законите од ЕУ. Кога има Фонд за тутун има посебен концепт на закони и не може со два члена ние да кажеме, се формира фонд за тутун и тој фонд го предлага Министерот за земјоделство и толку. Имаме држави каде со закон има фонд или Агенција за тутун, но на поинаков начин решен. Меѓутоа, овде е јасно дека наплатата, начинот и постапката на утврдување, пресметување и уплатување, го пропишува министрот за земјоделство, по претходна согласност од министерот за финансии. Надлежна заз контгрола на утврдувањето, пресметувањето и уплатата на надоместокот, ослободување од плаќање итн., е во надлежност на Управата за јавни приходи, значи постоечка институција за која не се трошат дополнителни финансиски средства, ќе ја вршат таа работа во функција на развој на примарното тутунско производство. Можеме да имаме закон во кој се вметнати одредби или посебна глава за фонд за тутун, меѓутоа концептот на овој закон е таков што гарантира поддршка за тутуно производството.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** За реплика се јавува господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Не знам кога да им верувам на пратениците од позицијата, еднаш кога велат дека ние либерализираме се во областа на земјоделието, или сега колку се загрижени во однос на субвенционирањето на земјоделието воопшто, влучувајќи го тука и тутунското производство. Меѓутоа, независно од тоа, јас ќе посочам неколку факти што директно ќе објаснат дека е невозможно тоа да се направи, што сега е напишано, затоа така е и напишано во законот, дека некои средства ќе бидат третирани, уплаќани на начин и под услови што ќе ги предвиди министерот за земјоделие врз основа на согласност од Министерството за финансии и тие средства ќе бидат наменети за производство на тутун.

Прво, ние немаме катастар на земјоделското земјиште. Вие не знаете кои се површини ќе бидат засадени со тутутн. Доколку тоа е направено, зборувам воопшто за сите земјоделски површини, кој дел од нив ќе биде наменет за тутунопроизводство, на кои сорти на тутун и врз основа на кое планирање тоа може да се направи.

Второ, треба да има евиденција на производителите на тутун што ќе бидат корисници на тие средства. Во овој момент ние немаме таква евиденција. Зборувам за она што го имаме во овој момент. Ние го имаме само врз основа на договорите за откуп на тутун кои ги склучуваат производителите на тутун со откупните комбинати. Друго немаме како евиденција, освен во делот кој се однесува на контрола на семенскиот материјал што произлегува од договорите за откуп на тутун кои се склучени меѓу производителите и откупувачите. Затоа сметам дека вака како што стои сега во законот, ние ќе почекаме уште долго време за да може било кој земјоделски производител, не само тутунопроизводител, да почувствува некакви премии, субвенции и поддршка, како да ги наречам веќе, затоа што ние немаме конзистентен начин на поддршка на земјоделското производство. Не се прави со еден концепт, туку се излегува инцидентно, сега зборуваме за тутун, утре треба да го зборуваме истото за грозјето, потоа треба да зборуваме за житото, и воопшто како целина немаме концепт, како држава, што со субвенционирањето на земјоделското производство, зошто од еден центар тоа не оди, она што го зборуваше и господинот Караџоски, во рамките на Министерството за земјоделие да постои посебна сметка, наречете го тоа фонд, оддел, како сакате, меѓутоа оттука да можат да произлезат сите оние политики кои ќе значат реална поддршка на земјоделското воопшто, тука вклучувајќи го и тутунопроизводството. Ова го имам предвид и при искажувањето за вкупното земјоделско производство во Македонија, не само за тутунопроизводството.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Драган Ѓеорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Господине Стојановски вие не реплициравте на мојата дискусија во ниеден дел. Имавте прашања, ми се чини, до министерот за земјодлство, шумарство и водостопанство, а јас само сакам да кажам дека вие бевте пратеници кои дискутираа пред неколку дена по Инфорамцијата за тутун, кои не веруваа дека Владата ќе предложи закон во кој закон ќе има финансирање на примарното тутунско производство и тоа неколку пати го истакнавте. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** После дискусијата на колегата станува уште појасно дека вака предвидените мерки, со овој Предлог закон, не само што не значат исполнување на ветеното на тутунопроизводителите, туку апсолутно кажуваат дека нема да се исполни тоа што е ветено. На тутунопроизводителите им се вети дека ќе бидат субвенционирани нивните количини произведен тутун со средства кои ќе бидат собрани од продажбата на цигарите и тоа три денари од кутија, како што и овде во член 50 од овој закон јасно е дека тие средства нема да се користат само за стимулирање или субвенци

онирање на тутунопроизводството, туку и за останатото земјоделско производство. Овде можеби се гледа и можноста, целото земјодел-

ско производство во Република Македонија да биде стимулирано или субвенционирано со тие вкупни средства кои беа ветувани. Единствена позитивна работа на овој закон, во смисла на остварување на некое ветување пред тутуно-производителите е тоа што обезбедува некакви средства, но воопшто не се тие кои беа ветени и кои се очекуваат. Сега станува јасно зошто е укинат и Фондот за земјоделие и со една минимерка во членот 50 фактички се предвидува да се стимулира целокупното примарно земјоделско производство, вклучувајќи го и тутунопроизводството.

И понатаму апелирам да се прифати амандманот и да одиме со формирање на фонд за тутун кој понатаму ќе може сам да гради стра тегија исклучиво во тутунопроизводството. Приходите во фондот ќе бидат дополнително дефинирани. Имаме нареден амандман кој дефинира кој го формира Фондот, со каков акт итн. и приходите во фондот можат да бидат предвидени пошироко и од увоз на тутун и од разни други даноци, кредити итн. Така што овде е прашање дали се согласуваме да формираме фонд за тутун кој ќе се однесува само на тутунот, понатаму можеби и за грозје и за вино, но во овој закон, фонд за тутун. Или не.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Богданоски.

Една минута контра реплика пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Господине Богдановски, дали навистина не ви е јасно дека во овој член Владата може 100% од парите предвидени во Програмата, значи 95% од финансиските средства собрани од надоместокот да ги насочи за примарно тутунско производство. Доколку некоја наредна година се оцени дека тие пари ќе бидат повеќе отколку што треба, дел од нив ќе одат за земјоделско производство и тука никој сугурно нема ништо против. Меѓутоа, Владата со овој закон може сите тие пари што ќе бидат собрани во соодветна година ако смета да ги намени исклучиво за примарно тутунско производство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Ѓорѓиев, го читавте член 50 и член 51 и 52 од овој Предлог на закон. Сега, да се разубедиме односно да се разјасниме. Членот 50 кажува - за финансирање на активностите во примарното тутунско производство. Тоа е една работа. За дополнително финансирање на примарното земјоделско производство, тоа е втора работа и за промоција на извозот трета работа, се утврдува надоместок како што е утврден во членот 52. Член 51 вели дека овие средства кои што ќе се утврдат се користат согласно програми донесени од страна на Владата. Значи, три намени во еден член, тутунско производство, дополнително финансирање на примарно земјоделско производство и промоција на извоз. Ако, според образложението на Владата во овој закон, износот на средства предвидени за оваа година, така кажува Владата 750 милиони денари по овој основ и ако се толку милиони приходи по основ на ДДВ. Значи за оваа година се планира да се даде таму, односно тутунското производство. Јас би ве прашал. Зошто бараме, односно се бара овој амандман да има фонд. Токму заради ова, да не се чека од некакви програми на Владата да случи во година, наместо да бидат дадени пари за активности во примарното тутунско производство, да бидат поголем дел дадени, да речеме, за дополнително финансирање во земјоделското производство или за промоција на извоз. Значи, Владата преку свои програми ќе одлучува колку од овие 750 милиони денари за кои јас не верувам дека в година ќе се соберат, затоа што датумот е сосема друг, колку од нив ќе се распределува за која од овие три намери. Тоа е суштинската работа. Ако пак Фондот за тутун е со специјална намена исклучиво за тутун и тутунско производство нема ние зошто да ги делиме на три нивоа, за три цели, туку само за една, за тутунопроизводството. Тоа е разликата и тоа се бара со амандманот. Доколку овој закон се внесе овој амандман, многу лесно се прават и посебен ако треба Закон за фонд и тн. Тоа многу лесно се прави.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам.

Господине Караџоски, очигледно не знаете дека другите закони во соседните држави Фондот за тутун кој го сочинува. Тоа се самите министри на неколку министерства и тие таа програма ќе ја прават. Идентично е тоа таа програма да биде изработена од Владата или Фонд за тутунот составен од 7 министри. Тоа е прво.

Второ, три можности се дадени. Прва можност стимулирање на примарно тутунско производство. Втората можност дополнително финансирање на примарно земјоделско производство, исто така, може да значи и за тутунот. Не е исклучена таа можност.

Третата можност, промоција на извозот во согласност со програмата на Владата може да оди само за извоз на тутун, тие 10%. Не е исклучена таа можност која што вие ја дискутирате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, гласале 59, од нив 18 за амандманот, 1 е воздржан, 40 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Потпретседателот Најдовски, го замени претседателот на Собранието Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:**

Отворам претрес по амандманот на член 51, поднесен од пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Со овој амандман се дава голема лагодност на изготвувачите на програмите тие да можат до 31 мај да ги прават програмите. Со одлука на Влада секогаш програми се прават во текот на јануари, најдоцна до февруари. Затоа, сметам дека не е добро ова решение и според тоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Амандманот е предложен најдоцна до 31 мај во тековната година Владата има обврска да ја донесе Програмата за распределба на средствата. Тоа не значи дека не може да ја донесе до 10 јануари. Значи битно е да не биде донесена на крајот на годината или никогаш. Затоа, се прецизира до 31 мај во тековната година Владата да има обврска да ја донесе, па нека биде донесена и на почетокот на годината.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 51 гласале, 13 за, 2 воздржани и 36 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, а образложението го дадов за амандманот број 26. Се работи за формирање на Фонд за тутун и Владата не го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Повелете господине Сашо Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам.

Со неприфаќање на претходнот амандман, овој амандман е безпредметен и се повлекува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 51, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиноски.

Повелете господине Санде Џамбазовски, кажете.

**Санде Џамбазовски:** Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи тогаш овде се ограничува најмалку 30%. Камо среќа ако имаме средства повеќе во наредните години, може да биде и многу повеќе. Така што, сметам дека е оптоварување на Законот непотребно и овој амандман не се прифаќа.

(Реакција од страна на пратениците)

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Манев имате збор, повелете.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Сметам дека вашиот одговор е, како што и доби малку смешна работа, во кој амандман е предвидено дека од паричните средства кои ќе се обезбедат, согласно членот 50 и 52 од овој Предлог на закон, најмалку 30 денари од таквите средства треба да се исплатат по килограм тутун на граѓаните кои продаваат тутун. Не знам што е тоа ако има повеќе пари да не му дадете ако пишува најмалку. Најмногу може да им дадете и по 100 денари ако сакате или по 200. Тоа никој не го забранува, туку не може да се даде помалку од 30 денари. Зошто ова го поднесов? Ова го поднесов од причини што ова е итна седница или итна расправа по овој закон токму беше оваа одредба која што денес ние ја предлагаме да биде усвоена, затоа што нашите патишта, улици беа блокирани од тутунопроизводителите. Спогодбата помеѓу тутунопроизводителите и премиерот на Република Македонија беше дека на тутунопроизводителите да им се исплати најмалку 30 денари по килограм тутун за оваа реколта, а кое нешто ние го надоврзуваме, бидејќи создаваме определени извори на средства кои што ќе се соберат во наредните години, ваквата субвенција или поттикнување на тутуновото производство да не биде помало од тој извоз. Доколку се соберат повеќе пари може да биде и повеќе, а ние знаеме добро сите овде дека во нашите соседни држави, ако ја земеме Бугарија, земете ја Србија, земете ја Грција уште повеќе, во овие две држави кои што излегоа од договорната економија имаат по 60 денари. Република Македонија треба да прифати тоа што го прифатиле тутунопроизводителите да им се дава оној намал дел од 30 денари за поддршка на тутуновото производство. А, ова ако го

прифатиле сме решиле една причина во наредните години да не излегуваат луѓето на протести по улици, по патишта и да не мислиме дека ако го донесовме законот дека не смее некој да протестира на јавен пат и тоа е завршена работа. Со излегувањето на луѓето, можеме да направиме само немири, потреси колку сакаме. Ако ова го направиме со оваа категорија на граѓани, сме го решиле проблемот.

Исто така, ова го предлагам од причини што, ако го погледнеме членот 50, средствата кои што се предвидени во членот 52 се делат на три категории корисници. Се делата на тутунопроизводители, на земјоделци, а исто така и на извозници. Јас не знам дали местото на извозот е овде токму во овој закон. Што е тоа од тутуновото производство, едно најнерентабилно производство во Република Македонија, најсиромашни луѓе се тутунопроизводителите и токму од таа категорија на луѓе да го поттикнуваме извозот. Дали ќе извезуваме железо, текстил или било што, бидејќи не е дефинирано дали се поттикнува извозот на тутун, туку извоз во целина, што сметам дека не му е местото овде. Но, доколку остане тоа да биде овде, бидејќи токму на тој дел предлагачот дефинирал дека 10% од средствата кога ќе се соберат одат за поттикнување на извозот, а останатите на овие две категории.

Би поддржал за развој на земјоделството, имајќи предвид дека тутунот во наредните десетина години, веројатно, во голема мера ќе исчезне од полињата, од интересот за откуп во светот во целина, па од тие причини е корисно да се издвојат одредени срества за развој на земјоделството, за да се најде место за вработување или работа на тутунопроизводителите во други гранки во земјоделството.

Од тие причини сметам дека е тотално неоправдано одговорот на претставникот на Владата. Сметам, ако овие пратеници овде кои бевме и тоа како загрижени и сите доаѓаме од одредени терени, места во Република Македонија каде што се одржуваат тие протести и спогодбата која што се склучи меѓу премиерот и претставниците на тутунопроизводителите дека тие ќе добиваат по 30 денари по килограм, ова треба да го прифатиме ние како пратеници и во иднина, барем додека ќе се сади тутун нема да имаме пречки или додека не се измени законот во една друга насока. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика има господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Ние денес носиме закон за тутун, а не програма. Висината на средствата се утврдува со програма за развој на тутунот. Тоа е точно кажано во Законот дека ќе се носи секоја година програма како ќе се делат средставата за поддршка на тутунот. Што значи ако почнеме да го оптоваруваме законот со цени, со висина на средства и тн., тогаш тој закон ќе личи на програма, а не на закон.

Затоа, сметам дека не треба да стои во законот, затоа што тоа ќе стои во програмата која ќе ја носи Владата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Манев, имате една минута контра реплика.

**Ефтим Манев:** Тоа што го зборува заменикот министер немало да стави ни 10% за дотирање или поттикнување на извозот. Ќе има таква спогодба , ние не ја реализираме целосно програмски, туку да изнесува најмалку 30 денари. Може да изнесува 35-40 денари со Програмата, има луфта колку сака во тој дел.

Мислам дека тоа не е оправдување дека тоа го прават со Програмата. Со Програмата нека го прават од 30 денари па нагоре до каде ќе стигнат. Било која Влада да дојде, тоа е интенцијата на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван заменик министер, овој амандман ви дава можност како комплетна Влада да го исполните ветувањето што го дадовте на тутунопроизводителите. Можеби не ви е лично, но премиерот во името на Владата го даде ветувањето дека оваа година на тутунопроизводителите ќе им биде исплатена премија или надоместок од килограм предаден тутун.

Ако сакате ветувањата да не бидат празна фраза, туку да бидат навистина реализирани, овој амандман ви ја дава таа можност. Во него јасно е дефинирано дека наместо да се оптоваруваме и да ги збунуваме граѓаните со проценти, со износ на денари од 0,15 по парче цигара, па да ги оптоваруваме дали ќе се соберат до крајот на годината волку или онолку средства, па да ги оптоваруваме дали тие средства ќе ги делиме за тутунопроизводство, за развој на земјоделието, па самите да чекаат програма од Владата, да чекаат милост колку каде ќе распредели и за сето тоа време производителите на тутун да живеат во неизвесност колкав ќе биде износот на нивната премија и да ни помине оваа година, дури да поминат изборите, а за тоа време оваа Влада да биде сменета и некој да биде изигран.

Според тоа, да не ги лажеме тутунопроизводителите, да не им ветуваме нешто што не можеме да оствариме, еве ви приллика, прифатете го овој амандман, јасно се прецизира 30 денари најмалку. Ако сте вољни, ако соберете повеќе пари дајте им и повеќе.

Да ве потсетам една работа. На овие протести тутунопроизводителите не бараа 30 денари, бараа 60 денари. Прифатија 30 денари затоа што вие ветивте. Сега не ми е јасно зошто не се прифаќа овој амандман затоа што ништо нема да оптовари во законот освен што ќе ви даде една обврска под 30 денари да не паѓате подолу.

Ве убедувам вас, а и јавноста дека вака како е конципиран законот со примена на овој

надоместок од јуни оваа година, значи да почнат да се собираат средствата од јуни, до тогаш можеби ќе имаме избори, не верувам дека прво овие средства што ги планирате ќе бидат остварени затоа што ако додадеме на цената на тутунот односно на цигарите по кутија, ако ги додадеме оние надоместоци предвидени со Законот за здравство,па предвидени во Законот за животна средина , убеден сум дека потрошувачката на цигари ќе паѓа во Република Македонија така што ни ова нема да се оствари што го предвидувате и страхувам дека сте свесни 30 денари не можете да исплатите на тутунарите особено не до пред избори.

Од тие причини не го прифаќате овој амандман за да постои ветувањето барем до избори до кога се надевате очигледно да добиете гласови од истите тие кои сега ги лажете.

Заради тоа ако ви е намерата јасна и ако ветувањето ви е искрено, нема зошто да бегате од овој амандман. Прифатете го и со тоа ќе ја замолчите опозицијата, ќе немаме ни еден аргумент да кажеме да, го лажете народот.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски имате збор.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе,

Мислам дека , ќе бидам краток бидејќи дел од дискусијата ми одзедоа моите пратеници, со овој амандман се кажува се. Дали законот е корисен или не е. Едно се кажува во јавноста, а друго на тутунопроизводителите, т.е. во законот. Велите дека со нив се договорија да се даде по 30 денари за секој килограм произведен тутун, но сега се кажуваат некои црти 0,15 што тутунопроизводителите нема ни да го сфатат ни да го разберат овој закон.

Сега се кажува дали сакате да донесете прав закон или извртен закон. Од каде да гласаме за овој закон дали е добар или не е. Сега ќе се каже во јавноста дали ќе се даде оваа премија или не, дали ќе се даде стимулг или не. Одтука тргнува се. Ако Република Македонија произведувала 30 илјади тони тутун еве се сведува на 15 илјади. Што кажува тоа? Тоа значи нема убава цена. Ако кажеме дека во Хрватска обезбедиле 5 куни за килограм или 40 денари премија, што значи тоа? Србија обезбедила по 45 денари или Бугарија обезбедува 30% од откупната цена на тутунот. Треба и ние да се вклопиме со овој зкаон и да биде подобен за тутунопроизводството тогаш можеме да гласаме.

На почетокот кажав дека овој амандман кажува се. Ако не се подржи овој амандман тогаш не можете да ја убедите ни опозицијата ни тутунопроизводителите.

**Љупчо Јордановски:** Ќе ја водиме расправата, ќе се убедуваме таму каде не можеме да се убедиме.

Повелете господине заменик министре, само знам дека законот нема да се донесе.Ќе биде дополнително, а кога ќе биде, не знам.

Повелете господине заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Ќе бидам многу краток господине претседателе,

Мислам дека на тутунарите им вети Владата, а не пратениците, што значи Владата со својата Програма тоа ќе го реализира. Не треба да се сомневате дали ќе биде или нема да биде.

Носењето на законот гарантира извори на средства, а со Програмата се гарантира односно ќе се исполни се она што е ветено. Не треба да се прави маркетинг од целата работа, бидејќи апсолутно предлагач на овој закон е Владата, Владата има намера тоа да го направи и ќе го направи, бидете сигурни.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков вие барате збор? Госпоѓо Којзеклиска и вие? Господине Србиновски имате контра реплика една минута.

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе, ова што го кажа заменико министер да не направат исто како со пченицата, ветија толку ќе се даде, но ден денеска пченицата е во амбарите на земјоделците од Република Македонија. Така ми мириса и овој зкаон дали ќе се платат толку или онолку. Прифатете го овој амандман со 30 денари дури тогаш ќе сфатиме дека навистина се залага оваа Влада. Доколку не го прифатите овој амандман, тогаш ништо не правите со овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стаменков зборувајте за амандманот.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе, јас ќе го подржам амандманот, а и партијата од која доаѓам Земјоделската народна партија, бидејќи амандманот е во насока на подобрување на текстот на законот и дава една сериозна поддршка на тутунопроизводството односно една сигурност и потикнување на луѓето кои се занимаваат со производство на тутун кога ќе почне сезоната да имаат една рамка во која ќе можат да се вклопат и да пресметаат дали и колку ќе се исплати производството во таа година.

Амандманот поаѓа од минимална сума на пари која сметаме и ние како пратници, а и јавноста дека е сума која е минимална и која мора да се обезбеди како подршка на тутунопроизовдстворо.

Понатаму, ако државата дојде во една состојба да располага со повеќе средства исто така амандманот дозволува Владата со својата програма да ги зголеми овие средства што ќе бидат како подршка на тутунопроизводството.

Нема потреба од нервози и од такви искажувања на заменик министерот дека е Владата таа што ќе даде, Владата не дава, Владата само зема, тоа е факт, тоа се пари на граѓаните, а никој од дома не ги донел парите, па сега да ги дели, тоа се пари собрани од граѓаните така што Владата треба само како добар домаќин да управува со

средствата кои се прибрани по разни основи во Република Македонија.

Како што кажав, јас ќе го подржам амандманот, мислам дека е добро осмислено од колегата Ефтим Манев и ќе помогне едноставно да им помогнеме на тутунопроизводителите да имаат поголема сигурност и перспектива во својата сфера на работење.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова додека зборуваше господинот Стаменков вие се пријавивте за реплика или за збор? За збор.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, факт е дека сите овие членови за кои претходно имаше поднесено амандмани на членот 50, 51, и за овој член 52 кои се меѓусебно поврзани, меѓутоа, она кое мене ми предизвикува дилема се однесува на дискусијата на заменик министерот е во делот на тоа дека сето тоа ќе било уредено со програмите. Меѓутоа, во членот 51 почитуван заменик министер вие велите дека ќе се донесат некои програми, не кажувате програми во кој дел.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска јас ве прашав дали сакате реплика, рековте не.

Зборувајте за амандманот.

**Марија Којзеклиска:** Јас кажав дека со овие амандмани . . .

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте за амандманот, јас ве прашав а вие реплицирате на тоа што е кажано.

**Марија Којзеклиска:** Вие денеска сте расположени на сите да им држите предавања, но ќе ве издржам.

**Љупчо Јордановски:** Изгледа денеска ми е таков денот, ве молам зборувајте за амандманот, а не да реплицирате.

Амандманот вели се обезбедува финансирање на тутунот од производството во износ од најмалку 30 денари по килограм. Дали го прифаќате овој амандман или го одбивате, ве молам само тоа.

Да се пријавевте за реплика тоа ќе можевте да го кажете, сега се пријавивте за збор.

**Марија Којзеклиска:** Дали завршивте, дали можам да продолжам по амандманот?

**Љупчо Јордановски:** Може само ако зборувате само за амандманот.

**Марија Којзеклиска:** Амандманот е услов или потреба Владата од декларативните заложби кои ги кажува дека 30 денари ќе им даде на тутунопроизводителите, еве и шанса на лице место, како и на парламентарното мнозинство, Владата си го кажа своето, сега останува на пратениците да си го кажат својот збор.

Морам да ве потсетам, почитуван претседателе, самиот заменик министер укажуваше на програмите дека финансирањето на тутуновото производство ќе било во програмите. Меѓутоа, морам да ве потсетам дека ние пред еден месец и повеќе го донесовме Законот за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита. Во тој закон почитуван претседателе членовите 52 од овој закон на кој се однесува амандманот 53, 54, 55, 56, се препишани од тој закон, а се однесуваат на висината на надоместокот. Со Законот за здравствена заштита 0,25 денари, со ова 0,15. Проблем биле парите. Во тогашното образложение се велеше дека ќе бидат собрани 1.000.000.000 и тие нема да се соберат и тие пари кои сака колегата Ефтим Манев да бидат барем фиксирани и да се покаже конкретна акција од страна на парламентарното мнозинство, со Владата завршивме, да се утврди барем најмалиот дел, јас мислам дека е ред парламентарното мнозинство ако треба нека побара и пауза, нека се консултираат овој амандман да биде конечно усвоен за да може, како што реков, од декларативните заложби да преминеме на конкретни акции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко почитуван претседателе, пред да се гласа за овој амандман од име на сите нас подносителите на овој амандман барам од парламентарното мнозинство, пред да гласа, да размисли што беше тоа за што протестираа тутунарите, што вети Владата. Ветувањата кои беа дадени од Владата треба сигурно да ги подржи парламентарното мнозинство, а тоа беше дека 30 денари наспроти барањата на тутунопроизводителите за 60 денари, ветување на Владата беше дека 30 денари ќе им бидат исплатени. Зошто сега да се бега од обврската во законот, како што има наведено за се друго дека ќе се даде подршка зошто не се наведува дека од таа сума на пари која ќе биде собрана, освен за поттикнување, како што е кажано, на примарно тутунско производство, дополнително финансирање на примарно земјоделско производство и промоција на извоз, покрај другото тука е кажано дека 10% ќе се дадат за финансирање на промоција на извозот, зошто се бега од сумата која треба да се даде за тутунопроизводителите.

Со програмите ништо јасно не е кажано, само се префрла топката од едно место на друго и повторно не се знае ниту колку ќе се даде ниту кој ќе биде тој на крајот што ќе одлучи дали има или нема можност да се даде толкава сума на пари. Тоа е само една обврска за долната граница која Владата се обврзала дека ќе ја даде, тоа се тие 30 денари и не треба да се отстапува од ветеното.

Законот за тутун се носеше со таа намена, единствената цел за носењето на овој закон за тутун пред тутунопроизводителите беше презентирано дека тоа се тие 30 денари кои Владата треба да ги даде. Еве со законот за тутун тоа ќе биде дадено. Им беше кажано да почекаат, ќе се донесе законот за тутун и ќе заврши проблемот со субвенциите на државата кон тутунопроизводителите. Епа, да го завршиме тоа, најважното нешто што го чекаат тутунопроизводителите е токму тоа, овие 30

денари кои се ветени, да ги ставиме внатре во законот и да престане бојазноста дека повторно ќе бидат изиграни како шт беа изиграни сите други земјоделски производители на пченица и други на кои им беше ветена одредена сума на пари, а до ден денес нема ништо исплатено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева, само мал коментар, сепак знаете да направите разлика помеѓу Парламент и Влада, Парламентот не ветил ништо, а вие ако сакате можете да бидете гласачка машина на Владата.

Парламентот е независна институција и не секогаш може да ја подржи или да не ја подржи Владата. Парламентот не ветил ништо. Со овој амандман Парламентот може да ветува, но тоа ќе го одлучи мнозинството.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Во членот 51 се вели: Средствата за финансирање од член 50 став 1 ќе се користат со програми донесени од страна на Владата на Република Македонија. Во законот точно е кажано како ќе се користат средствата и како ќе се распоредуваат. Во ниеден закон никаде не се утврдува висината на средствата по килограм, по хектар, секаде тоа се прави со програми. Законот е основата, програмите се дел од законот односно произлегуваат од законот и точно се определува висината на средствата по килограм, по хектар, зависи по кои критериуми ќе се делат средствата. Зборувам принципиелно, не само за тутунот. Затоа не треба да се бара нешто што не може да се реши со закон. Доволно е решено во законот тоа што се кажуваат изворите, точно процентуално во зависност од средствата што ќе се соберат тогаш со програма се распоредуваат средствата за намените кои се кажани во законот.

Затоа не треба да ги мешаме програмите со законот односно она што треба да го ставаме во програмите да го ставаме во законот. Благодарам ако е тоа доволно објаснување.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев барате реплика?

Повелете три минути.

**Ефтим Манев:** Заменик министерот ова го спомнува два три пати, јас го прашувам по кој основ ставиле 10% за извоз, зошто не го оставиле тоа во програмата или како ќе одлучат со програмата, овде го дефинирале во законот. Од собраните средства 10% ќе одат за тоа без никаква програма. Со програма може само да насочи која област од извозот. Ништо не пречи тоа што смета заменик министерот 30 денари по килограм . Пред малку зборував со програмите може да даде и 32, 33, 35, 40, без разлика колку. Не може од тој износ помалку. Не можат да бегаат од вистината, тоа е вистината. Ако сакаме да ја смириме состојбата, нема друг избор. Еднаш еден проблем решен за секогаш.

Ако сакаме секоја година да ни се појавува епидемија на протести и било што, можат, ова вака треба да остане. Иако е предвидено дека програма ќе донесе до март и до кога, може да ја донесе и до јуни, до јули до август, може да биде изборна година, но кога ќе биде врзано со закон, тогаше облигаторна и тогаш е решено тоа прашање. Нагоре, тој може да прави програма. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Гсподине Србиновски барате реплика?

Повелете, имате реплика.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Заменикот министер се обидува да не убеди нас сите овде, но тој најдобро е да го убеди парламентарното мнозинство и да гласаат за овој амандман, па натаму повеќе да нема пробелми. Значи, да се види вистината, да се каже виситната дали се носи закон за тутун или не се носи закон за тутун. Да се каже виситната, се носи овој закон за дневно-политички цели, да се одбегнат ситуациите што се случија во Република Македонија, да се заборави тоа или пак се носи за 2-3 дена и толку да нема важност овој закон.

Нека појде во Хрватска, нека појде во Србија, нека појде во Бугарија. Нека види како е таму решен пробелмот со оваа премија, во овие држави и тогаш нека се реши кај нас со овој закон вака. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Како е решено, со закон е таму? Не знам, прашувам. Прашувам дали во законот е ставено 3 куни или 10 куни?

Господине Ѓорѓиев имате збор.

**Драган Ѓорѓиев:** Барав реплика на госпоѓа Бонева господине претседателе. Пријавен сум од самиот почеток. Се приајви заменикот минситер, вие му дадовте збор.

**Љупчо Јордановски:** Добро, реплика на госпоѓа Бонева. Имате право, бидејќи секогаш има предност предлагачот.

**Драган Ѓорѓиев:** Повеќ пати госпоѓа Бонева истакна во своите дискусии дека не верува во ветувањето на Владата дека ќе го реализира своето ветување за исплата по 30 денари по килограм тутун, премија за тутунопроизводителите. И, во право е ког аукажува на тоа дека, до колку тоа нема да се исполни, ќе има негативни последици за оваа Влада и т.н. Меѓутоа, јас сакам да ја прашам дали таа може сега да вети, на оваа пленарна седница дека, до колку Владата го исполни своето ветување во целост, пред избори, до колку исплати по 30 денари по килограм тутун за секој откупен килограм на тутун, дека тие ќе излезат и ќе дадат благодарност до Владата, благодарност до тутунопроизводителите за исполнетото ветување и за сомнежот што цело време се спомнува дека не веруваат дека овој закон за тутун ќе биде донесен или предложен, дека премијата ќе биде исплатена по 30 денари за килограм тутун. Значи, да се држиме до зборот, до колку ветувањето биде исполнето, дали госпоѓа Бонева ќе излезе со изјава или

извинување до Владата, дека Владата својата обврска ја исполнила во целост и нејзината недоверба кон Владата била неоправдана. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минува госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега, јас и синоќа на една емисија во Струмица кажав дека Владата ќе ја исплати оваа премија или субвенција од 30 денари пред изборите. Меѓутоа, во изборни цели.

Овде, тоа што го зборуваме е едно, а тоа што вие го велите е едно, а друго е дали во законот нема да оставиме простор понатаму повторно да бидат изигрувани тутунопроизводителите. Проблемот е во тоа да се стави најдолната граница, тоа што го ветивте да биде ставено во законот, да не се користат и понатаму тутунопроизводителтие само пред избори, да им се даде некое ветување, да се каже колку многу Владата мисли за нив.

Ако имавте добра намера, 3 години по ред ќе го исполневте тоа ветување, ќе дадевте субвенции за тутунопроизводителите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китаноски, имате збор.

**Илија Китаноски:** Благодарам господиен претседателе.

Кратко, во прилог на подршка на овој амандман и околу причините заради кои шо претставникот на Владата образложува зошто не може да стои во закон одредена цифра, односно одреден износ што ќе им биде даден на производителите на на тутун Мислам дека тоа образложение е многу тенко. Барем во овие 3 години, 50-60 законски проекти во кои што исто така со цифри, со бројки се определени одредени износи.

Еве, конкретно, претходно колешката Којзеклсика го посочи примерот со Законот за здравствена заштита, каде што со цифри, со бројки, со проценти и во апсолутен износ, во Закон е напишано колку од кои видови на цигари дури, ќе се употребуваат дел од средствата за здравствена заштита, дел за земјоделието и т.н. и т.н.

Поентата е дека треба некое посериозно образложение да се одбие овој амандман и без премногу во тоа да се политизира, дали тоа Владата го ветила или премиерот или Парламентот, имаме конкретен амандман. Тој е токму во прилог на ветувањето што го даде Владата. Ако парламентарното мнозинство што ја подржува Владата не го пдоржи тој амандман со кој што се реализира ветувањето на Владата, тогаш испаѓа дека тоа ветување во најмала рака е несигурно или лажно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Богданоски повелете.

**Сашо Богданоски**: Господине претседателе, само кратко.

Само сакам да искажам подрќка на овој амандман. Јас ќе гласам за амандманот. Се разбира тој е дел од ветувањето на Владата или премиерот. Но, сакам да дополнам со уште нешто друго.

Ако денеска зборуваме за исполнување на ветувањата на премиерот кон тутунопроизводителите, дали тие ќе бидат исполнети сосема или нема да бидат, денеска можеме да констатираме дека нема да бидат исполнети сосема, бидјеки таму немаше ветување само за 30 денари премија. Имаше и други работи што веќе знаеме дека нема да бидат исполнети, сигурно.

Благодарам, во секој случај овој амандман ќе го подржам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Дали можеме да се собереме за една минута?

Не можеме.

Гласањето ќе го реализираме по паузата.

Тоа значи дека сега давам пауза, а продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седница продолжи со работа во 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Може ли еден пратеник да се добие накако?

(Пратеници велгуваат во салата)

Сега сме 60 еден пратеник ни фали.

Јас ќе морам да бидам доследен на мојот принцип и ќе ги вклучам дестте минути за квору,.

(Додека течат 10-те минути, во сала влезе уште еден пратеник).

Сега сме 61 пратеник и можеме да продолжиме со работа.

Завршивме со расправа по амандманот на член 51, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски и Илија Србиновски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 се присутни, 55 гласале, 13 за, 4 воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине заменик.

**Санде Џамбазовски:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Владата го прифаќа овој амандман и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 51-а по членот 51 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Санде Џамазоски, повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Претседателе, Владата не го прифаќа овој змандман, бидејки се однесува на формирање на Фонд за тутун. Тоа веќе го образложивме. Владата не го прифаќа амандманот.

Господине Богданоски, повелете.

**Сашо Богданоски:** Во име на предлагачите амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 52, став 1, алинеја 1 за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Повелте господине заменик министре, кажете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине претседателе.

Со членувањето на Република Македонија во СТО се има обврзано да нема различен третман на домашни и странски цивили. Затоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен заради равноправност.

Повелете господине Богданоски имате збор.

**Сашо Богданоски:** Благодартам претседателе.

Амандманот е поднесен од две причини.

Првата причина, бидјеки Владата, предлагајќи го овој закон предвидела да ги собира средствата наменети за субвенција на тутунопроизводството, но притоа превидела од истите средства да субвенционира и останато примарно земјоделско производство, а и да овозможи поттикнување на извоз, ќе треба прилично средства за да може сите овие три ставки да ги покрива, со овој амандман се овозможува токму да се соберат и повеќе средства за таа намена, а притоа да не се изневерат тутунопроизводителите, односно ветувањата на Владата кон тутунопроизводителтие.

Бидејки желбата била да ги собира средствата, Владата, истите да ги дели со програми што сама ќе ги донесе, еве можност да има повеќе средства за таа намена.

Другата причина е, со линеарното зголемвуање на кутија цигари и на домашните и на странските, на увозните, ние ги доближивме цените на цигарите од домашно производство и на увезени цигари. Со тоа ги стимулиравме потрошувачките на увезени цигари за сметка на домашното производство на цигари.

Усвојувајќи го овој амандман ќе се имплицира и колекција на линеарно зголемување на цената на цигарите и тоа само на увезените цигари, со што повторно ќе се овозможи поголема разлика во цената на цигарите од увоз и од домашно производство и на тој начин барем ќе се ублажи, а не сосема стави или врати во рамноправна положба домашнотопроизводство и увезената цигара.

Од тие причини е поднесен овој амандман, а не како вие мислевте дека го повлекувам, туку би сакал да биде усвоен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Од сакање до... има голема разлика.

Господине Најдоски, реплика или збор.

Повелете, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Барам претседателе збор, но нема да биде подолг од реплика.

**Љупчо Јордановски:** Да, но давате можност за реплика.

**Слободан Најдовски:** Како дискусија. Ако некој почувствува потреба да ми реплицира слободно.

Навистина не можам да сфатам некои работи иако се обидувам и со овој амандман и со 2-3 следни амандмани што се поврзани со членот 52, поднесен од различни пратеници. Не можам да сфатам од едноставна причина, сите во своите програми на партиите запишуваме дека сме за пазарно стопанство и почитување на принципите на светскиот пазар. Со тоа, почитувани на принципите на меѓународните организации, како што кажа заменикот минситер, кои сме се обврзале и сме презеле одредени обврски, настојувајќи десетина години наназад да бидеме примени.

Долги години Македонија настојвуаше да стане членка на СТО. Таму важат одредени принципи. Исто така, важат одредени принципи во пазарната економија, пишани или непишани. И сега, не знам кога е демагогија, посебно предлагачите Лилјана Поповска и Сашо Богданоски, кои и во својата Програма што ја рекламираат овие денови во весници пишуваат во првиот став дека се за пазарна економија.

Ако усвоиме ваков член денеска, ваков амандман, а денеска гостите од Европска унија кои се гости во Република Македонија видат дека сме усвоиле ваков амандман или ваков член, едноставно ќе ни кажат дека или си играме играчки или сме недозреани да сфатимеодредени работи.

Во вториот дел на дискусијата на господинот Богданоски се согласувам околу заштита на домашното тутунско производство, за што многу пати сум зборувал. Но, имајќи предвид, кога се гласаше Законот за здравствена заштита, кога се внесе првото линеарно зголемвување на цената на цигарите, тогаш само 5 пратеници биле против, се знаат поименично кои биле против, а ЛДП го изнесе тогаш својот став околу линеарното зголемување на цената на цигарите.

Домашното производство не се заштитува на ваков начин, заради тоа што ова првиот ден ќе

нипадне пред било кој меѓународен суд. Или ова од незнаење или од демагогија кон граѓаните. Не можете да ги донесете во нерамноправна положба домашните производи во однос на производите на било која друга земја. Единствено што можете тоа е со одредени прописи, принципи, да пропишете кои услови треба да ги исполнува одреден тутунски производ за да има карактеристика на домашен производ? Кои квлаитети односно кои нормативи, како што има во самиот закон што денеска го усвојуваме, треба да ги исполнуваат тутунските производи. Одредени земји што тоа го презеле сега се соочуваат со голем притисок на СТО. Така што едно е што сакаме да им се додвориме на граѓаните, да им кажеме дека ние размислуваме вака, но друго е она за кое што треба во пракса да се залагаме илипак да кажеме да ги извадиме нашите залагања од недела во недела, дали се исти или пак мислиме дека граѓаните тоа и останатите заинтересирани лица тоа не го средат.

Затоа мсилам дека овој амандман, не од причини дали не сакаме да го гласаме, јас мислам дека предлагачите треба да го повлечат заради тоа што е несвојствен за пазарната економија и несвојствен е, се коси со сите прописи за еднакво третирање на сите производи на светскиот пазар. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Вашите три минути господине Богданоски.

**Сашо Богданоски:** Благодарам, веројатно нема да требаат три минути.

**Љупчо Јордановски:** Така кажа и господинот Најдовски па беа четири.

**Сашо Богданоски:** Да ама ќе се увериме.

По втор или трет пат реагирам на вакви дискусии - додворување до граѓаните и тн. Ѓраѓаните ќе оценат сами што е додворување што е работа по закон. Не знам дали евентуално не пречи и тоа доаѓа од токму партијата ЛДП денеска цел ден, дали случајно пречи името на Лилјана Поповска и нејзиниот рејтинг што е објавен деновиве, за таа работа можат да се расправаат преки прес конференција во својата партија.

Инаку, сепак мислам дека приоритетно за нас е она што го бараат граѓаните на Република Македонија, во овој случај и со овој Закон тутунопроизводителите и она што ним им е дури и ветено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Мене не ми пречи ниту име, ниту политичка партија. Мене како пратеник ми пречи незнаењето на поединци кои сакааат да предложат нешто за кое што утре Република Македонија ќе биде изложене, да неречам на потсмев, ама на тоа дека пратениците во Парламентот донесуваат нешто што се коси со сите меѓународни закони и прописи. Мене тоа ми пречи и јас против тоа ќе бидам секогаш. Балгодарам.

**Љупчо Јордановски:** Неме пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник и затоа амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 гласале 49, за амандманот 8, нема воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1 алинеја 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорге Паљошкоски и Илија Србиноски.

Го молам претставникот на Владат да се произнесе.

Има збор заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Манев, повелете.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе.

По овој амандман ќе бидам прилично краток, затоа што основната цел за поднесување на овој амандман е да се соберат што повеќе парични средства кои средства ќе служат за потикнување на тутуновото производство, на земјоделието и за извозот, што е ставено во членот 50. А, тоа е предвидената стапка од 0,15 денари по цигара, тоа да биде 0,25 или на една опаковка цигари, од 20 цигари, место 3 денари како што е предвидено со законот, тоа да изнесува 5 денари. Сметам дека тоа нешто нема да влијае многу за покачување на цената на цигарите, а ќе има огромно значење при висината на собраните средства што ќе служат за таа намена за која што тие средства се издвојуваат.

Слушнав неколку изјави дека тие 3 денари ќе се зголемат со даноците што се предвидени на иститие. Јас мислам дека овие 3 денари се сепак давачка и на нив не треба да има, мислам дека нема даноци. Не може ни персонален данок, не може ни ДДВ ни акциза. Тие се исто како оние вредности и затоа нема трите денари да станат повеќе од тоа колку што се, туку едноставно таа вредност ако оди со о,25 денари по цигара, тогаш на 20-те цигари ќе изнесува 5 денари на кутија. Од тие причини предлагам да поразмислиме, да се прифати овој амандман, со кое нешто ќе се соберат повеќе парични средства за исполнување на целата што е предвидена во членот 50 и 51 од овој Предлог закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Најдовски имате збор.

**Слободан Најдовски:** Еве, за кратко време од една минута, господинот Сашо Богданоски ќе има можност да се увери дека не се работи за никоја личност, не се работи за партија, туку се работи за принципи и за разбирање на одредена пробелматика.

Јас сум против овој амандман и сметам дека пратениците не треба да го прифатат од следниве причини:

Ќе го спомнам повторно Законот за здравствена заштита, измените кога беа и тогаш, кога се направи првото поскапување од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, 1 пратеник беше воздржан, другите го подржаа тој закон.

Една недела после тоа, ВМРО-ДПМНЕ одржа ПРЕС-конференција, на која што...

**Љупчо Јордановски:** Господине Најдовски овде пишува " во член 52 став 1 алинеја 1 број 0,15 се заменува со број 0,25". Никаде не пишува ВМРО-ДПМНЕ, никаде не пишува било што друго, Закон за здравство. Ве молам да се држите до амандманот.

**Слободан Најдовски:** Зборувам за поскапувањето на цигарите, она што е.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте она што е и не мешајте партии. Направете конференција за печат и кажете го тоа како што можеби ВМРО правела конференција.

**Слободан Најдовски:** Во ред.

Со овој амандман, ако добро го погледнете, се врши поскапување на цигарите за 3 денари. Ако се усвои амандманот, поскапувањето на цигарите ќе биде 5 денари, како што предлагаат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ.

Смеам ли да кажам дека се пратеници од ВМРО-ДПМНЕ.

**Љупчо Јордановски:** Тоа смеете.

**Слободан Најдовски:** Е добро. Ако не, ќе ги кажам по име и презиме.

Првата нерпавилнсот, неточност е следнава:

Или партијата ВМРО-ДПМНЕ кога ги изнесува ставовите во јавноста ја лаже јавноста или пратениците, а најмалку мислам на господинот Манев, кого посебно го почитувам и со него посебно не сакам да спорам илипак пратениците дно кажуваат во Парламентот, а нивната партија надвор од Парламентот друго.

Ова ќе го поткрепам со факти, сега за амандманот претседателе.

Прво, не е точно дека оваа давачка во сега не ги опфаќа зголемувањата што се по односи на другите јавни давачки,односно акцизата што е специфична давачка. Што значи, бидејки цената на цигарите, акцизата и другите давачки се од малопродажната цена, тоа е првата работа, така што овие зголемувања на цигарите автоматски ќе ги зголемат давачките поврзани со цигарите.

Така што тие 3 денари не се 3 денари, туку ќе бидат повеќе, исто како што овие вкупно 9 досегашни не се 9, туку се околу 15, 16 денари. Отука, моето залагање е за не фиксно зголемување, туку процентуално и тогаш ќе се договориме, домашното производство ќе биде многу позаштитено, односно поефтините цигари ќе бидат позаштитени.

Дека е така, ќе го наведам следново, убеден сум дека со вакви зголемувања, а не дај Боже овој мандман да се усвои, ќе има уште поголеми зголемвуања, реалната продажба на цигари на домашниот пазар ќе опадне. Македонија достигна во оваа година, како податок, дури од земјите на ЕУ да има помал процент на шверц на цигари. Македонија имаше 6% во минатата година, според некои проценти. Земјите од ЕУ иматаа 12% шверц. Во 2004 година Македонија достигна, односно за подобра споредба до 1998, до 31 декември, Македонија имала растечки тренд на оданочени цигари. Од 1998, потоа 1999, 2000, 2001, 2002 тој тренд или стагнирал или се намалувал, што значи Република Македонија не се подобрила на планот на спречување на шверцот на цигари.

Од 2002 година наваму, сега ќе ви кажувам со бројки ако сакате, Република Македонија направила позитивен тренд и во 2004 година, како што зборуваше господинот Ѓорчев, ако е околу 4 милијарди потрошувачката на цигари во Република Македонија, сме достигнале 4,5 милијарди оданочени цигари.

Со вaквите псотапки сега ќ ги полниме буџетите на соседните држави. Тоа го тврдам и го кажувам. Затоа мислам дека не овој амандман, јас ќе го пдоржев амандманот ако ВМРО-ДПМНЕ останеше на ставот дека не треба воопшто да има зголемвување на цените на државите, а не, претседателе опоменете ме, повторно ќе кажам, а не на ПРЕС-конференција да кажувате дека во Македонија ова ќе доведе до зголемвување на шверцот на цигарите, а од друга страна сега да ни предлагате зголемвување. Ваков амандман ќе се одрази штетно на македонското тутунско производство. Мислам дека пратениците треба да го повлечат.

**Љупчо Јордановски:** Како тргнавме Македонија нема да има закон за тутун.

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор процедурално)

Може процедурално господине Најдовски.

Затоа што имаме и расправа по текстот, па овие работи може и таму да се кажат.

**Слободан Најдовски:** Процедурално претседателе, затоа што јас од секогаш сум бил против расправата по текстот. Кога се ќе заврши и мислам дека тогаш е демагогија да расправаме по текстот. Одсекогаш тоа го знаете.

Еве, процедурално сега ќе ви кажам.

Бидејки по втор пат ми кажувате кога јас ќе дискутирам дека Македонија ќе нема закон за тутун, јас воопшто не се чувствувам дека јас ќе бидам тој што Македонија ќе нема закон за тутун. Бидејки секогаш, кога се расправа јас сум тука. А, ако вие бидете виновен, тоа е друго. Можеме ние и во понеделник да работиме и во вторинк и во среда по овој закон.

Така што, ве молам, немојте да префрлате, втор пат после мојата дискусија дека Македонија ќе немала закон за тутун.

**Љупчо Јордановски:** не, еднаш реков. Само, прв пат ви реков да не спомнувате ВМРО-ДПМНЕ

и тие работи, бидејки зборуваме за закон за тутун.

Благодарам, ја прифаќам забелешката.

Еве сега да се договориме, кој е за реплика нека дигне рака.

(Пратениците креваат рака за реплика).

Сите се за реплика.

Господине Караџоски, 3 минути повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Вака сега, господинот Најдовски, почна со една дискусија, на крајот заврши, сам си се девалвираше себе си. Еве во што:

Целата дискусија на јасочи кон тоа дека ако се усвои овој амандман ќе биде страшно за продажбата на цигари, ќе опаднат цигарите ит.н. и се она што го цитираше во делот на она како би се утврдувала цената на цигарите и што ти јас знам.

За него, во најголемито дле од дискусијата беше катастрофална работата што поскапувањето на цигари од 3 денари, предвиденосо законот, а со амандманот 5 денари, значи разликата од 2 денари би го нарушила сето она што тој го кажуваше, а не би сакал да го повторувам. За, на крајот да каже, до колку ВМРО-ДПМНЕ, како предлагач на овој амандман поднесеше амандман со кој што ќе бараше да не поскапат цигарите, е тогаш би имало логика и тој најверователно би го подржал, затоа што таква му беше дискусијата.

Значи, каде е сега нелогичноста. Јас ќе кажам следно. И со поскапувањето, почитуван колега Најдовски, од три денари, како што предвидува овој закон, истата состојба ќе биде што ја кажувавте. Потполно истата. Нема да има разлика од 3 до 5 денари, кој знае колку да се одрази на она што го кажувавте. Поскапувањето во начело со овој закон ќе се одрази на она што вие го кажувате. Само да додадам. Вие го спомнавте вашиот амандман во правец на она што го зборувавте во Законот за здравство, каде што и таму имаме покачување на цената на цигарите, а слушам дека ќе имаме и во Законот за животна средина. Се сума сумарум, ако го додадеме и Законот за забрана на пушење, ако ја додадеме и кампањата што се води со цигарите, очигледно е дека прометот на цигари ќе падне. Затоа, кога кажав и кога зборував за Фондот на тутун, кажав дека не е начин и вака не се решава проблемот на тутунопроизводителите со едно вакво решение, туку на сосем подруг начин, затоа што ова нема да има ефект, освен предиозборно ветување. Тоа е факт, и тоа ќе се оствари. Према тоа, ако веќе поскапуваме и ако мислиме на тутунарите, односно тутунопроизводителите да ја заокружиме бројката што 3, што 5, а мислам дека со  5 денари, барем ќе има некаков ефект господинот Бучковски да го оствари тоа што го вети. Со три денари, нема шанси.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Помалку од една минута господине претседателе.

Господинот Караџоски само го потврди она што јас го дискутирав. Тој знае дека јас бев против, неговите колеги пратеници беа за. Нека ги праша неговите колеги околу него кога разговаравме и ме убедуваа да се согласам да го гласам, јас бев против и тогаш.

**Љупчо Јордановски:** Господине Богданоски, имате три минути.

**Сашо Богданоски:** Благодарам, да не ветувам, но мораме да ветиме. Не ми  е јасно што тоа требаше да се убедам, а бев спомнат во дискусијата на Најдовски, еве и јас сакам да го поздравам. Само толку.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате три минути.

**Спиро Мавровски:** Јас би реплицирал во делот каде што господинот Најдовски сакаше да изнесе бројки дека шверцот со цигарите до 1998 година бил во една надолна линија, а од 1998 година до 2002 година, постигнал катастрофални бројки. Сега се случува, според бројките кои што ги има тој дека шверцот во Република Македонија не постои, и е многу помал од државите во Европската унија. Ние сите сме сведоци, досега сме расправале неколку пати. Тие бројки се само за оние камиони и шлепери што се фатени на граничните премини. Колку овде поминале, тоа можеме да го видиме секој ден поминувајќи на Бит-Пазар, каде што се продаваат цигари какви што сакате и од каде што сакате. Ако тоа е спречување на шверцот и ако тоа е начинот, кој што вие кажувате дека бројките се во интерес на Владата, тогаш не знам со кои бројки би требало да се регистрира, кога цели влади на некои соседни држави се вмешани во шверцот со цигари и каде што се водат судски постапки пред Европската унија. Ние сакаме или да замижиме, или да кажеме од позиција на власт дека во овој момент во Република Македонија нема шверц на цигари. Апсолутно, погрешно, затоа што шлеперите и понатаму поминуваат и тоа е факт. Некои од нив, како што кажува и колегата, можеби легално влегуваат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Очигледно господинот Мавровски, или не ме слушал, или не ме разбрал.

Мојата основна теза е секое поскапување на цигарите во однос на соседните земји, каде што ќе бидат драстрично поефтини, ќе се одразува на легалната продажба на цигари во Република Македонија. А со бројки ќе докажам. 1998 година ја завршила Македонија со 3 милијарди 948 илјади оданочени цигари. Во 2002 година  3 милијарди 960 илјади оданочени цигари, во 2005 година, без декември 4 милијарди 450 илјади оданочени цигари.

Според проценките, Република Македонија има потрошувачка од околу 4,5 милијарди цигари

годишно. Што значи дека оданочени биле до 2005 година сите продадени цигари во Република Македонија. А зголемувањето на цената, тоа ќе го спречи. Ако ви е сега јасно, толку е од мене.

**Љупчо Јордановски:** Повелете процедурално господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Претседателе, бидејќи јас добро го слушав и добро го разбрав колегата Најдовски, јас би сакал да ги добијам стенографските белешки, па да видиме во кој дел од неговата дискусија јас не се согласувам, затоа што ова што го кажа е дополнително од она што јас го говорев. Затоа што тој многу убаво кажа дека шверцот е намален и јас стојам на тоа. Не кажа ништо дека царината во соседните држави е 67%, во Македонија 15% или обратно. Мислам дека треба да ја расчистиме работата и јас би сакал да ги добијам стенографските белешки.

**Љупчо Јордановски:** Службите нека ги извадат стенографските белешки од дискусијата по овој амандман на господинот Најдовски и вие ќе ги добиете во текот на работата.

Бидејќи нема друг пријавен, го заклучувам претресот по амандманот .

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Всушност, да се преброиме.

Не ве повикувам да гласаме. Го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме доволен број пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 51 гласале, 12 за амандманот, нема воздржани, 39 против.

Костатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 4, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Сашо Богданоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе и овој амандман се однесува за формирање на Фонд за тутун. Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Богданоски повелете.

**Сашо Богданоски:** Се разбира, бидејќи не е прифатено формирање на Фонд за тутун, овој амандман е безпредметен и јас го повлекувам во име на предлагачите.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Најдовски имате збор.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе јас се обидов малку да се разубедам со претставниците на Владата околу овој амандман, но не успеавме да се разубедиме, но не успеаа ни да ме убедат, зошто не го прифаќаат.

Во членот 52 велат:"Надоместокот за производство на тутунски производи, не се плаќа, доколку количината на производите што се фактурираат е извезена".

Во членот 53, надоместокот што бил платен, ако е цигарата извезена, ќе бил вратен надоместокот. Јас не сум правник, но не гледам во ова никаква логика. Ако веќе не се плаќа, што тогаш на тој што извезува цигари ќе му вратите. Тоа не може да постои.

Мислам дека не постои никаква логика во овие два члена, бидејќи за секоја извезена цигара, се добиваат посебни извозни маркици. Не се плаќа акциза во Република Македонија. Се плаќа во државата во која што се извезува. Нема никакви давачки. Двата члена се контрадикторни, и мислам дека претставниците на Владата од непознати причини не го прифаќаат, но ако остане вака како што е нелогички. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 55, 18 за, 3 воздржани, 54 против.

Констарирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 54, став 1 поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Санде Џамбазовски:** Овој амандман Владата не го прифаќа, бидејќи сметаме дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе биде поинформиран, односно целосно информиран и инволвиран во побрзото пропишување на сите овие акти, кои што се предвидени со овој закон.

Затоа сметаме дека не треба да се прифати амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Сосема спротивно од размислувањето на заменик министерот на Владата. Мислам дека амандманот треба да се прифати со целиот почит кон министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, мислам дека министерот за финансии е тој што треба поблиску да ги уреди овие прописи.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Јас сосема почитувам дали овој министер за земјоделство, шумарство и водостопанство или иден кој ќе биде понатаму но, законот се носи за идните генерации. Се однесува на сите идни влади. Пресметувањето на давачки во една држава ,посебно за производи кои се од аспект на акцизни стоки, за мене е несфатливо, тоа да се префрли во рамките на друго министерство, надвор од Министерството за финансии.

Наједноставно, ќе го банализирам членот и амандманот. Вели дека министерот ќе ги изготви начинот и постапката во согласност со министерот за финансии. Што значи, министерот за финансии е тој кој што треба да го даде главниот збор околу начинот, постапката на прибирање и утврдување, пресметување, уплатување на финансиски средства во државата, како и после вториот амандман кој што е за евиденцијата. Не гледам никаква логика за тоа што сака да се постигне со тоа дека ќе ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кога согласноста треба да ја даде министерот за финансии. Сосема логично е да се прифати дека тоа треба да биде во надлежност на министерот за финансии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Во поддршка на амандманот, мислам дека е сосема исправно, тоа да биде министерот за финансии, затоа што не се работи за сега. Се носи закон кој што треба да важи со години, а и сега да се носи, мислам дека овој министер за земјоделство, шумарство и водостопанство многу малку ќе може да помогне, за да се разрешат некои работи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска повелете.

**Марија Којзеклиска:** Јас го почитувам колегата Најдовски за амандманот кој го има поднесено и во кој бара зборовите "министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со, " да се бришат.

Меѓутоа, јас ќе направам една паралела. Сакам да ја видите и да ја утврдите недоследноста на Владата. И пред малку реков во Законот за здравствена заштита се истите одредби кои постојат тука и таму во истиот член се вели, нема министерство наведено прецизно.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска овој е закон за тутун, не е Закон за здравствена заштита.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, да се доискажам.

**Љупчо Јордановски:** Не може да се доискажете, јас сакам да бидам рамноправен и принципиелен према сите. Ве молам, зборувајте за амандманот.

**Марија Козјеклиска:** Претседателе да се доискажам и да прочитам како е таму формулиран ставот.

**Љупчо Јордановски:** Не сакам да чујам како е таму формиран ставот. Јас сакам да го чујам ставот по овој закон.

**Марија Којзеклиска:** За овој закон зборувам и кажувам дека истиот член постоеше и во Законот за здравствена заштита и се вели: "Начините и постапката  за утврдување, пресметување..." - следете го овој член, ќе видите дека е истото, членот 54-"и уплатување го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на финансиите". Така пропишано во Законот за здравствена заштита, вака препишуваме во Законот за тутун и тутунски производи, а велиме дека се однесува на иста материја, бидејќи исти членови се, претседателе, но различно ги толкуваме за различни намени. Сакам само да укажам на недоследноста на предлагачот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Од 16,05 до 16,16 часот претседателот на Собранието постојано ги повикува пратениците да влезат во салата).

(Во 16,08 часот почнаа да течат десетте минути за кворум).

Десетте минути за кворум течат.

Ги молам пратениците да не излегуваат и тие што се надвор да влезат во салата.

Нека седнат пратениците и ако нема доволно пратеници за гласање, тоа да го констатираме.

Седнете, ве молам.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Во салата се присутни 58 пратеници).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, знам дека во Клубот има повеќе од седум пратеници.

Ако се медиумите тука со камери, нека влезат во Клубот, нека направат една вака убава снимка.

(Во 16,15 часот претседателот повторно ги повикува пратениците).

Последно повикување до пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господа пратеници, ви благодарам за вашата издржливост.

Дополнително ќе бидете известени за продолжението на оваа седница.

А вие сега, и ние заедно ќе им објасниме на нашите земјоделци зошто вака го носиме овој закон.

За информација, евентуално во вторник може да се случи да ја продолжиме оваа седница зависно од тоа колку комисии ќе има во тоа време. Во понеделник сигурно нема да продолжиме.

Денес во 18,15 часот ќе имаме свечена седница на која се обраќа господинот Баросо.

(Седницата прекина во 16,17 часот).